# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

краток документ

октомври - декември 2024

Институт за европска политика. Скопје

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија

# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај октомври - декември 2024

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уредничка:
д-р Симонида Кацарска

Автори:
Ангела Делевска
Беба Жагар
Јулијана Караи
Петар Барлаковски
Цветанка Александроска

Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2024

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ за периодот од октомври до декември 2024 година. Тој вклучува **следење на основните елементи на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудство и темелни права.**

## Клучни случувања

- Европската унија (ЕУ) ја одобри Реформската агенда на Северна Македонија, при што министерот за европски прашања во декември го потпиша договорот за Инструментот за реформи и раст, со кој се воспоставува финансиска соработка со Европската комисија.
- Пакетот за проширување на Европската комисија за 2024 година истакна дека има ограничен напредок во однос на интеграцијата во ЕУ, нагласувајќи дека се потребни уставни амандмани и судски реформи, особено во однос на борбата против корупција.
- Беше активиран преосмислениот национален портал uslugi.gov.mk, кој сега нуди над 100 нови електронски услуги.
- Собранието го отфрли Годишниот извештај на Судскиот совет за 2023 година и иницираше постапки за разрешување на пет членови на Советот, предизвикувајќи загриженост за законитост на постапките.
- Именувањето на членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) предизвика загриженост за законитоста на постапката и можен конфликт на интереси. Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги прогласи именувањата за незаконски и повика на нивно поништување, но двата совета ги отфрлија нејзините наоди.
- Раководителот на Вишото јавно обвинителство во Скопје е суспендиран по наводи за несоодветно однесување, вклучително и вознемирување на работното место. Советот на јавни обвинители го потврди дека тој е отстранет поради започнатата кривична постапка.
- ДКСК ги усвои измените и дополнувањата на Деловникот за работа, воведувајќи случајна распределба на предметите меѓу членовите и ги донесе Програмата за работа, Годишниот план за следење на имотната состојба и судирот на интереси и Годишниот план за антикорупциска проверка на легислативата за 2025 година.
- Јавниот обвинител издаде насоки за приоретизирање на предмети за корупција и прашања од значаен јавен интерес.
- Финализирана е Стратегијата за спроведување на правото на заштита на личните податоци во Северна Македонија 2025-2030.
- Започна процесот на избор на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но се чека конечна одлука на Собранието.
- Во новиот парламентарен состав формирана е Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со попреченост.
- На 1 октомври 2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) избра нов претседател и заменик-претседател.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **ОЈОГОКК** | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **EACN** | Европска антикорупциска мрежа |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЕНЕР** | Национален електронски регистар на прописи |
| **ЕППК** | Европски партнери против корупцијата |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **GEIS** | Индекс систем за родова еднаквост |
| **ИКТ** | Информатичко - комуникациска технологија |
| **ЛГБТИ+** | Лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци, трансродови лица, интерсексуалци и други разновидни сексуални и родови идентитети |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **НАТО** | Организација на Северноатлантскиот договор |
| **НВО** | Невладина организација |
| **АНБ** | Агенција за национална безбедност |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **РЈА** | Реформа на јавната администрација |
| **АЗЛП** | Агенција за заштита на личните податоци |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **ПВР** | Проценка на влијание на регулативата (ПВР) |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **СДСМ** | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| **ССНМ** | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| **ТАЕКС** | Инструмент за техничка помош и размена на информации на Европската комисија |
| **ВМРО ДПМНЕ** | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ........ **6**

Избори ........ 7
Собрание ........ 8
Владеење ........ 9
Граѓанско општество ........ 12
Цивилна контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ........ 13
Реформа на јавната администрација ........ 14

**Поглавје 23** ........ **16**

Функционирање на судството ........ 17
- Стратешки документи ........ 17
- Управни тела ........ 17
- Независност и непристрасност ........ 18
- Отчетност ........ 19
- Професионалност и компетентност ........ 21
- Квалитет на правдата ........ 21
- Ефикасност ........ 21

Борба против корупцијата ........ 22
- Државна комисија за спречување на корупцијата ........ 22
- Јавно обвинителство ........ 23
- Правна рамка ........ 25

Темелни права ........ 26
- Судска пракса на Европскиот суд за човекови права ........ 26
- Народен правобранител ........ 26
- Затворски и притворски установи ........ 27
- Заштита на личните податоци ........ 27
- Слобода на изразување ........ 29
- Ранливи групи и начело на недискриминација ........ 30
- Род ........ 31
- ЛГБТИ+ ........ 32

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Во текот на извештајниот период, политичките партии започнаа со подготовки за локалните избори кои ќе се одржат во октомври 2025 година.[1] На почетокот на ноември, се појавија дискусии за можноста истовремено да се одржат предвремени парламентарни избори.[2] Демократската унија за интеграција (ДУИ) беше најгласниот поборник за оваа идеја, тврдејќи дека предвремените избори се од суштинско значење за обезбедување на европската иднина на земјата.[3] Претставници на Владата, вклучително и министерот за европски прашања, ја отфрлија оваа идеја наведувајќи дека Владата е стабилна и нема политичка криза.[4] Премиерот посочи дека резултатите од локалните избори би можеле да послужат како индикатор за потребата од предвремени парламентарни избори, но нагласи дека јавното мислење останува во голема мера против ваквите избори.[5]

Во меѓувреме, лидерот на ДУИ испрати писма до високи меѓународни претставници во кои изрази загриженост поради неодамнешните случувања во земјата, за кои тврдеше дека го загрозуваат Охридскиот рамковен договор и мултиетничката стабилност.[6] Внатрешни поместувања се случија и во Европскиот фронт во октомври, при што Демократската партија на Албанците го напушти блокот и го намали бројот на свои парламентарци на 17 пратеници.[7]

Кон средината на ноември во Државната изборна комисија беа назначени двајца нови членови.[8]

1 „Партиите во низок старт за локалните избори", Радио Слободна Европа, 23 декември 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/lokalni-izbori-kampanja/33245479.html.

2 „Ахмети за предлогот на Мицкоски за предвремени избори: Се гледаме во октомври, подготви се добро", 360 Степени , 1 ноември 2024, https://360stepeni.mk/ahmeti-za-predlogot-na-mitskoski-za-predvremeni-izbori-se-gledame-vo-oktomvri-podgotvi-se-dobro/.

3 „ДУИ бара Влада да отвори пат за предвремени парламентарни избори", 360 Степени, 13 декември 2024, https://360stepeni.mk/dui-bara-vladata-da-otvori-pat-za-predvremeni-parlamentarni-izbori/.

4 „Муртезани: Несериозни се изјавите за предвремени избори при стабилна влада", 360 Степени, 4 ноември 2024, https://360stepeni.mk/murtezani-neseriozni-se-izjavite-za-predvremeni-izbori-pri-stabilna-vlada/.

5 „Мицкоски: Ако добиеме црвен картон на локалните избори, ќе одиме на предвремени парламентарни избори", 360 Степени, 14 ноември 2024, https://360stepeni.mk/mitskoski-ako-dobieme-tsrven-karton-na-lokalnite-izbori-ke-odime-na-predvremeni-parlamentarni-izbori/.

6 „Ахмети испраќа писма до високи меѓународни лидери за заштита на Охридскиот договор", Канал 5, 27 октомври 2024, https://kanal5.com.mk/-ahmeti-isprakja-pisma-do-visoki-megjunarodni-lideri-za-zashtita-na-ohridskiot-dogovor/a666272.

7 „Мендух Тачи и ДПА не се повеќе дел од „Европскиот фронт" на ДУИ", eMagazin, 8 октомври 2024, https://emagazin.mk/ мендух-тачи-и-дпа-не-се-повеќе-од-е/.

8 „Собранието ќе гласа за доекипирање на Државната изборна комисија", Радио Слободна Европа, 12 ноември 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33198832.html.

# Собрание

Во текот на извештајниот период, делегации на Собранието на Република Северна Македонија присуствуваа на есенските сесии на клучните меѓународни парламентарни тела, меѓу кои и Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива,[9] Парламентарното собрание на Советот на Европа,[10] Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ),[11] Самитот за парламентарната димензија на Берлинскиот процес,[12] и 149 Интерпарламентарното собрание на Унијата.[13]

Кон крајот на октомври, Собранието отвори безбедна „глува соба", исполнувајќи ги НАТО и безбедносните стандарди на ЕУ за доверлива комуникација.[14] Беа потребни седум години за да се реализира овој проект.[15]

На 8 ноември, Комисијата за европски прашања на Собранието одржа јавна расправа за владината Агенда за реформи (2024-2027), усогласена со Планот за раст на Европската комисија. Агендата се фокусира на инфраструктура, одржлива енергија, подобрување на деловната клима и реформи во образованието за поддршка на дигиталната економија и интеграцијата во ЕУ.[16]

На 20 ноември пред раководството на Собранието беше претставен Регистарот на граѓански организации,[17] и истиот беше пуштен во употреба подоцна истиот месец.[18] Тоа им овозможува на организациите да ги следат собраниските активности, да учествуваат во дебати и да ја рационализираат комуникацијата со Собранието.[19]

Во декември, Собранието го усвои буџетот за 2025 година, со планирани вкупни приходи од 358,8 милијарди денари и расходи од 400,2 милијарди денари, односно со дефицит од 41,35 милијарди денари (4% од БДП). Буџетот има за цел да обезбеди функционирање на институциите, да ги исполни обврските и да го поддржи економскиот раст од 3,7%. Дополнително, Собранието одобри прераспределба на 9,3 милијарди денари на различни министерства и фондови, вклучително и за пензиите, социјалната политика, земјоделството и здравството, за решавање на наследените обврски од претходната влада и подобрување на управувањето со јавните финансии.[20]

---

9 „Собраниска делегација на есенската сесија на ЦЕИ во Тирана", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 10 јануари 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sobraniska-delegacija-na-esenskata-sesija-na-cei-vo-tirana.nspx.

10 „Собраниска делегација на есенската сесија на ПССЕ во Стразбур", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 10 февруари 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sobraniska-delegacija-na-esenskata-sesija-na-psse-vo-strazbur.nspx.

11 „Собраниска делегација на 22. есенски состанок на ПС на ОБСЕ во Даблин", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 10 април 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sobraniska-delegacija-na-22-esenski-sostanok-na-ps-na-obse-vo-dablin.nspx.

12 „Собраниска делегација на самитот за парламентарна димензија на Берлинскиот процес", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 10 октомври 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sobraniska-delegacija-na-samitot-za-parlamentarna-dimenzija-na-berlinskiot-proces.nspx.

13 „Активности на собраниската делегација, предводена од Претседателот Гаши, во рамки на 149. Собрание на ИПУ во Женева", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 14 октомври 2024 година, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-aktivnosti-na-sobraniskata-delegacija-predvodena-od-pretsedatelot-gasi-vo-ramki-na-149-sobranie-na-ipu-vo-zeneva.nspx.

14 „Собранието доби заштитена соба, за поголем надзор над безбедносните служби", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 21 октомври 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sobranieto-dobi-zastitena-soba-za-pogolem-nadzor-nad-bezbednosnite-sluzbi.nspx.

15 „Шест тендери и седум години подоцна, Собранието доби „глува соба"", 360 Степени, 29 октомври 2024, https://360stepeni.mk/video-shest-tenderi-i-sedum-godini-podotsna-sobranieto-dobi-gluva-soba/.

16 „Презентација на Реформската агенда на Владата", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 11 август 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-prezentacija-na-reformskata-agenda-na-vladata.nspx.

17 „Презентиран Регистарот на организации пред собраниското раководство", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 20 ноември 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-prezentiran-registarot-na-organizacii-pred-sobraniskoto-rakovodstvo.nspx.

18 „Регистар на организации", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 27 ноември 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-registar-na-organizacii.nspx.

19 „Презентиран Регистарот на организации пред собраниското раководство".

20 „Собранието го донесе Буџетот за 2025 година", 360 Степени, 10 декември 2024, https://360stepeni.mk/sobranieto-go-donese-budhetot-za-2025-godina/.

# Владеење

Во октомври, ЕУ ја одобри Реформската агенда на Северна Македонија во рамките на Планот за раст на Западен Балкан.[21] На 3 декември, министерот за европски прашања го потпиша договорот за Инструментот за реформи и раст, во кој е предвидена финансиска соработка со Европската комисија. Финансирањето ќе зависи од напредокот при исполнувањето на договорените реформи.[22]

Почетокот на октомври го означи и завршувањето на првите 100 дена од мандатот на Владата. На прес-конференцијата посветена на ова, премиерот повтори дека интеграцијата во ЕУ е стратешки приоритет, отфрлајќи ги ултиматумите во преговорите со Бугарија. Беа истакнати тековните инфраструктурни проекти, како и други иницијативи, заедно со заложбите за справување со корупцијата, зголемување на странските инвестиции и спроведување на реформите на пензискиот систем, даночните намалувања и други реформи.[23] Опозицијата, од друга страна, ја обвини Владата дека ги користи своите први 100 дена за скандали, наведувајќи дека има пропусти во безбедноста, корупција и политизација на државата.[24] Таа, исто така, побара од владата да свика затворена седница за процесот на интеграција во ЕУ за да ја разјасни својата стратегија за ЕУ, но ова барање беше одбиено.[25]

Иако владата првично изрази скептицизам во врска со изградбата на Коридорот 8,[26] во истиот месец, Северна Македонија и Бугарија се согласија во Брисел да ја унапредат изградбата на железничката пруга на овој коридор, иако претходно имаше тензии околу планирањето на проектот. Двете влади се обврзаа да формираат заедничка работна група и да разговараат на високо ниво за решавање на техничките предизвици. ЕУ ја поздрави оваа заложба, истакнувајќи дека тоа е важно за регионалното поврзување.[27] На 1 ноември, премиерот најави преговори за обезбедување средства за модернизација на Коридорот 10,[28] по што следеше усвојување на нови законски амандмани со цел да се забрза изградбата на делови од Коридорите 8 и 10д.[29]

Пакетот на Европската комисија за проширување на ЕУ за 2024 година, објавен на 30 октомври, утврди дека има ограничен напредок во интеграцијата во ЕУ, особено поради неусвојувањето на уставните амандмани.[30] Новиот еврокомесар за проширување потврди дека уставните измени и понатаму се од суштинска важност.[31] Извештајот, исто така, истакна дека се потребни реформи во судството, зајакнување на владеењето на правото и интензивирање на борбата против корупцијата. Иако во извештајот се потврдува дека во континуитет постои усогласување со надворешната политика на ЕУ, сепак постои потреба од понатамошни реформи. Во меѓувреме, заедничката комисија за

21 „ЕУ ја одобри Реформската агенда на Македонија согласно Планот за раст на Западен Балкан", Нова Македонија, 11 октомври 2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/eu-ja-odobri-reformskata-agenda-na-makedonija-soglasno-planot-za-rast-na-zapaden-balkan/.

22 „Муртезани го потпишаа договорот за инструментот за реформи и раст", Телма, 3 декември 2024, https://telma.com.mk/2024/12/03/murtezani-go-potpisha-dogovorot-za-instrumentot-za-reformi-i-rast/.

23 „100 дена Влада - Интеграција во ЕУ и подобрување на животниот стандард", Сител, 10 јануари 2024, https://sitel.com.mk/100-dena-vlada-integracija-vo-eu-i-podobruvanje-na-zhivotniot-standard.

24 „СДСМ: За сто дена Владата направи 300 скандали, а најмногу од нив се поврзани со работата на МВР", 360 Степени, 5 октомври 2024, https://360stepeni.mk/sdsm-za-sto-dena-vladata-napravi-300-skandali-a-najmnogu-od-niv-se-povrzani-so-rabotata-na-mvr/.

25 „Владата не е за затворена седница за Европската Унија", Телма, 6 октомври 2024, https://telma.com.mk/2024/10/06/vladata-ne-e-za-zatvorena-sednic-za-za-evropskata-unija/.

26 „Северна Македонија меѓу вкрстен оган за коридорите", Дојче Веле, 15 октомври 2024, https://www.dw.com/mk/severna-makedonija-megu-vkrsten-ogan-za-koridorite/a-70497439

27 „Северна Македонија и Бугарија во Брисел се согласија заеднички да продолжат со изградбата на пругата од Коридорот 8", 360 Степени, 16 октомври 2024, https://360stepeni.mk/severna-makedonija-i-bugarija-vo-brisel-se-soglasija-zaednichki-da-prodolzhat-so-izgradbata-na-prugata-od-koridorot-8/.

28 „Не е Кина, Русија, ниту Унгарија" - Владата договара нов кредит за помош, сега за модернизација на Коридорот 10", 360 Степени, 1 ноември 2024, https://360stepeni.mk/ne-e-kina-rusija-nitu-ungarija-vladata-dogovara-kredit-za-modernizatsija-na-koridorot-10/.

29 „Изгласани законски измени за забрзување на изградбата на делниците на коридорите 8 и 10д", МИА, 12 декември 2024 година, https://bit.ly/3CJFDDC.

30 „Извештај на ЕК: Нема уставни измени на кои државата се обврзала"", Радио Слободна Европа, 30 октомври 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/eu-izvestaj-ustav-sudstvo/33179574.html.

31 „Марта Кос: Очекуваме Северна Македонија да го промени Уставот како што е вети, ништо повеќе и ништо помалку", 360 Степени, 7 ноември 2024, https://360stepeni.mk/marta-kos-ochekuvame-severna-makedonija-da-go-promeni-ustavot-kako-shto-veti-nishto-poveke-i-nishto-pomalku/.

историја меѓу Северна Македонија и Бугарија одржа состанок на кој се разговараше за техничките и процедуралните прашања, како и за препораките за македонските учебници по историја.[32] Во однос на уставните измени, министерот за евроинтеграции не одговори дали владата има резервен план ако Бугарија не успее да избере политичка влада, бидејќи недостатокот на функционална влада беше претставен како пречка за понатамошни преговори.[33] Премиерот и претседателката се обврзаа на унапредување на клучните реформи,[34] иако изразија загриженост во врска со ригидниот пристап на ЕУ и ставот искажан од еврокомесарот за проширување во врска со уставните амандмани, при што претседателката истакна дека се чини дека комесарот се меша во внатрешните работи на државата, [35] додека министерот за надворешни работи изрази оптимизам дека пристапувањето во ЕУ ќе се случи до 2030 година.[36] Во ноември, претседателот отповика седум амбасадори,[37] додека во декември, премиерот го повтори ставот на неговата влада дека ако билатералните разговори се однесуваат на идентитетот, процесот не може да заврши успешно.[38]

На 19 ноември, Северна Македонија и ЕУ потпишаа договор за Партнерство за безбедност и одбрана, со што се зајакна соработката во управувањето со кризи, сајбер-безбедноста, борбата против тероризмот и хибридните закани.[39] Во декември, беа предложени измени на Законот за надворешни работи со цел да го зголемат уделот на професионалните дипломати на амбасадорските места, да се продолжат мандатите на дипломатите и да ги прилагодат платите на трошоците за живот.[40]

Во октомври, албанските политички партии продолжија со своите барања за формирање на Албанска академија на науките и уметностите, при што најголемата албанска опозициска партија, ДУИ, го отфрли предлогот статусот на ова тело да биде невладина организација, а Владата ги критикуваше овие барања како незаконски.[41] Меѓуетничките тензии продолжија да растат на 28 ноември за време на прославата на Денот на албанското знаме, со инциденти на кои се запалија македонското и албанското знаме и се симна државниот симбол на Србија. Властите ги осудија настаните како обиди за дестабилизација, додека политичките партии разменија обвинувања.[42] По овие прослави полицијата приведе 17 лица[43], а главните политички партии во земјата ги осудија инцидентите.[44] Тензиите дополнително се зголемија со дебатата за Законот за јазиците, при што

32 „Ѓорѓиев: На средбата на Комисијата за историски прашања стана збор и за препораките за македонски учебници за VII одделение", Denesen.mk, 26 октомври 2024, https://denesen.mk/gjorgjiev-na-sredbata-na-komisijata-za-istoriski-prashanja-stana-zbor-i-za-preporakite-za-makedonskite-uchebnici-za-vii-oddelenie/

33 „Муртезани е без конкретен одговор дали Скопје има план Б доколку Бугарија повторно не избере политичка влада" 360 Степени, 1 ноември 2024, https://360stepeni.mk/murtezani-e-bez-konkreten-odgovor-dali-skopje-ima-plan-b-dokolku-bugarija-povtorno-ne-izbere-politichka-vlada/

34 „Извештај на ЕК: Нема уставни измени на кои државата се обврзала".

35 „ЕУ очекува уставни измени, Силјановска гледа мешање во внатрешните работи на државата, Мицкоски со црвени линии! Има ли светлина на крајот од тунелот? ", Прва Линија , 29 ноември 2024, https://frontline.mk/2024/11/29/eu-ochekuva-ustavni-izmeni-sil-anovska-gleda-mesha-e-vo-vnatreshnite-raboti-na-drzhavata-mickoski-so-crvenite-linii-ima-li-svetlina-na-kra-ot-od-tunelot/.

36 „С. Македонија вели дека 2030 година е „реален" датум за влез во ЕУ", AFP - Агенција France Presse, 11 мај 2024, https://www.barrons.com/news/n-macedonia-says-2030-realistic-as-eu-entry-date-08d67337.

37 Отповикани седум амбасадори, кој ќе ги замени? Дојче Веле, 13 ноември 2024, https://www.dw.com/mk/pretsedatelkata-otpovika-sedum-ambasadori-koj-ke-gi-zameni/a-70771599?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss

38 Мицкоски: билатералните разговори се однесуваат на идентитетски прашања, процесот не може да заврши успешно", Сител ТВ, 20 декември 2024, https://sitel.com.mk/mickoski-ako-bilateralnite-razgovori-se-odnesuvaat-na-identitetski-prashanja-procesot-ne-mozhe-da

39 „Први во регионот: Потпишано партнерство за безбедност и одбрана со Европската унија, Официјална веб-страница на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, 19 ноември 2024 година, https://mfa.gov.mk/mk/page/13/post/3896/prvi-vo-regionot-potpishano-partnerstvo-za-bezbednost-i-odbrana-so-evropskata-unija.

40 „Прес-конференција на министерот Муцунски: Професионализација на дипломатијата, подобрување на работењето на целокупниот државен систем вклучен во дипломатските процеси и фокус на инвестициите и надворешната трговија", Официјална веб-страница на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, 14 декември 2024 година, https://bit.ly/4jxMWyR.

41 „ДУИ бара договор за албанска академија на државно ниво, власта ја смета за незаконска" Телма ТВ, 20 октомври 2024, (https://telma.com.mk/2024/10/20/dui-bara-dogovor-za-albanska-akademija-na-drzhavno-nivo-vlasta-ja-smeta-za-nezakonska/)

42 „Од прослави за знамето до тензии и обвинувања за дестабилизација", Радио Слободна Европа, 29 ноември 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/zname-skvernavenje-tenzii-incident-/33220543.html.

43 „Тошковски: Уапсени се 17 лица за инцидентите со знамињата", Радио Слободна Европа, 30 ноември, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33221695.html

44 „Осуда за скврнавењето на македонското знаме", Македонска радио телевизија, 29 ноември 2024, https://mrt.com.mk/node/120127

на 11 декември Уставниот суд треба да ја преиспита неговата уставност.[45] ДУИ предупреди дека укинувањето на законот може да го поткопа спроведувањето на Охридскиот рамковен договор и мултиетничката стабилност на земјата.[46] Подоцна беше објавено дека Уставниот суд, по совет од Венецијанската комисија, најверојатно ќе одржи подготвителна седница во март 2025 година за да ги разгледа оспорените одредби од Законот за јазици. Дополнително, судиите се пожалија на несоодветното однесување на политичките партии и на обиди да се изврши притисок врз работата на Уставниот суд.[47]

На 9 декември, Стејт департментот на САД ги стави на црна листа поранешниот вицепремиер од албанската опозициска партија ДУИ, како и судија на Апелациониот суд во Скопје, поради наводна корупција и мешање во судството, особено во случаите поврзани со поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање.[48] При оваа објава, амбасадорката на САД истакна дека судските институции на Северна Македонија треба да ги истражат и да постапат по овие наводи.[49] По ова, Основното јавно обвинителство во Скопје отвори истрага за поранешниот вицепремиер и поранешниот директор на Лотарија, и двајцата членови на ДУИ, за наводна проневера на 8,2 милиони евра државни средства спротивно на член 354 од Кривичниот законик.[50] Во меѓувреме, поранешниот вицепремиер, наводно, избегал во Косово, иако неговата локација остана непотврдена на крајот од извештајниот период.[51]

45 „Мицкоски за Законот за јазиците: Да почекаме да дојде 11 декември, не постои опасност по безбедноста на државата", Нова Македонија, 6 декември 2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/mickoski-za-zakonot-za-jazici-da-pochekame-da-dojde-11-dekemvri-ne-postoi-opasnost-po-bezbednosta-na-drzhavata/.

46 „Членови на раководството на ДУИ и активности пред Уставен суд каде се расправа за Законот за јазиците", Mia.mk, 11 декември 2024, https://bit.ly/4hzWwzC.

47 „Уставниот суд одлучи да одржи подготвителна седница за Законот за употреба на јазиците" Anadolu Agency, 11 декември 2024 година, https://bit.ly/4hQbyky.

48 „Објава на амбасадорката Ангела Агелер", Официјална веб-страница на Амбасадата на САД во Северна Македонија, 10 декември 2024, https://mk.usembassy.gov/ambassador-angela-aggeler-presser-on-designations/.

49 Исто.

50 „Собрани докази за сомневање за проневера на 8,2 милиони евра од Артан Груби, директорот на Државна лотарија и на уште 6 лица, претресени 9 локации", Сакам да кажам, 16 декември 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sobrani-dokazi-za-somnevane-za-pronevera-na-8-2-milioni-evra-od-artan-grubi-direktorot-na-drzhavna-lotarija-i-na-ushte-6-litsa-pretreseni-9-lokatsii/.

51 „Партиите ја префрлаат вината за бегството на Артан Груби", Дојче Веле, 19 декември 2024, https://www.dw.com/mk/serija-propusti-otkrivaat-kako-artan-grubi-so-lesnotija-ja-napustil-zemjata/a-71108688.

# Граѓанско општество

На 15 ноември во Скопје, во рамките на Националниот форум Цивика мобилитас се одржа Годишната конференција на граѓанските организации, која се фокусираше на зајакнување на соработката меѓу владата и НВО при креирањето политики. На конференцијата, премиерот ја истакна важноста на инклузивното донесување одлуки, додека швајцарскиот амбасадор повика на поголема транспарентност и подобрена комуникација меѓу граѓанското општество и институциите.[52] На конференцијата, министерката за образование и наука најави нова програма со која ќе биде задолжително учениците од 7-мо до 9-то одделение да завршат 30 часа општокорисна работа годишно, со цел унапредување на општествената одговорност и граѓанскиот ангажман. Се прават планови во 2025 година оваа иницијатива да се прошири и за средношколците. Невладините организации, исто така, активно се вклучени во подготовката на претстојната Национална стратегија за образование за 2026 година.[53]

Волонтерството сè уште е неразвиено, со слабо учество на младите и ограничено прифаќање од страна работодавачите. Граѓанските организации се залагаат за системска поддршка, вклучувајќи и признавање на волонтерската работа како професионално искуство.[54] Истражувањата покажуваат дека само 17% од младите се свесни за прописите за волонтери, додека 64% сметаат дека работодавците не го признаваат таквото искуство.[55]

52 „Годишна конференција на граѓански организации, невладиниот сектор е значаен во времиња кога се носат одлуки“, Mia.mk, 15 ноември 2024 година, https://bit.ly/42wfClE.

53 МОН: Учениците задолжително ќе учествуваат во општествено корисни активности организирани во соработка со граѓанскиот сектор’, Mia.mk, 15 ноември 2024, https://bit.ly/40SwLFc.”container-title”:”Mia.mk””,”title”:”MES: Students will be required to participate in socially beneficial activities organized in cooperation with the civil society sector (МОН: Учениците задолжително ќе учествуваат во општествено корисни активности организирани во соработка со граѓанскиот сектор

54 „Во Македонија сè уште е слаб интересот за волонтерство“, Сител, 12 август 2024, https://sitel.com.mk/vo-makedonija-se-ushte-e-slab-interesot-za-volonterstvo.

55 „Активисти: Да бидеш волонтер, значи да даваш, но и да добиваш“, Алфа, 8 декември 2024, https://alfa.mk/da-bidesh-volonter-znachi-da-davash-no-i-da-dobi-vash-svetski-den-na-volonterite/.

# Цивилна контрола врз безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

Во октомври, владата го разреши директорот на Националната агенција за безбедност (АНБ) и назначи нов,[56], што предизвика обвинувања од опозицијата за политизирање на агенцијата. Беше изразена загриженост поради квалификациите на новиот директор и наводните неправилности во неговите сертификати, што предизвика барања за негово разрешување.[57] Собраниските седници на кои се дискутираше ова прашање беа напнати,[58,59], а Левица го доведе во прашање безбедносниот надзор на АНБ по јавното појавување на забранет исламски свештеник во Скопје.[60] Кон крајот на декември, ДКСК се изјасни дека директорот ги исполнува сите законски барања за водење на АНБ, истовремено наведувајќи дека безбедносните проверки за класифицирани информации сè уште се во тек и дека некои од неговите должности можат да бидат делегирани на заменик-директорот.[61] Во меѓувреме, ДУИ ја критикуваше коалицијата ВРЕДИ за поттикнување етнички тензии и наводна дискриминација на Албанците вработени во безбедносните институции.[62]

На 2 декември ДКСК доби жалба против досегашниот директор на Агенцијата за разузнавање, со образложение дека не доставил извештаи за работата на Агенцијата до различни државни органи. ДКСК го упати прашањето до претседателот на државата за понатамошна проценка на комуникацијата и размената на информации помеѓу Агенцијата за разузнавање и другите институции. Дополнително, беше поднесена посебна жалба во врска со вработен во Агенцијата кој наводно објавувал партиски фотографии на Фејсбук за време на парламентарните избори, која беше препратена до внатрешната контрола на Агенцијата за разузнавање за понатамошна истрага.[63]

Во Собранието кон крајот на октомври отворена е „глува соба“ која е наменета за спречување на неовластено следење и прислушување, и првенствено ќе ја користат собраниските комисии кои работат со класифицирани информации, но исто така може да се користи и од други државни безбедносни институции со одобрување од Собранието.[64]

56 „Владата назначи нов директор на Агенцијата за национална безбедност“, Радио Слободна Европа, 16 октомври 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/33161260.html.

57 „СДСМ: Дали новиот директор на АНБ има вистински документ за познавање на англискиот јазик и дали има пет години стаж на раководни позиции?“, 360 Степени, 20 октомври 2024, https://360stepeni.mk/sdsm-dali-noviot-direktor-na-anb-ima-vistinski-dokument-za-poznavane-na-angliski-jazik-i-dali-ima-pet-godini-stazh-na-rakovodni-pozitsii/.

58 „Јавноста не успеа да го слушне првиот човек на АНБ, Христовски - седницата на Комисијата за надзор прекината“, 24.mk, 11 декември 2024, https://24.mk/details/javnosta-ne-uspea-da-go-slushne-prviot-chovek-na-anb-khristovski-sednicata-na-komisijata-za-nadzor-prekinata.

59 „Филипче обвини дека Христовски нема ни пет години раководно искуство, Мицкоски тврди дека има девет“, 365.Mk, 31 октомври 2024, https://cdn-5859be45f-911ca35ec95022d.closte.com/filipche-obvini-deka-hristovski-nema-ni-pet-godini-rakovodno-iskustvo-mickoski-tvrdi-deka-ima-devet/.

60 „Левица: АНБ молчи додека проповедаат верски екстремисти поврзани со Ал Каеда, A1on, 4 декември 2024, https://a1on.mk/macedonia/levica-anb-molchi-do-deka-propovedaat-verski-ekstremisti-povrzani-so-al-kaeda/.

61 „Бојан Христовски може да биде директор на АНБ, изгласаа сите членови на Антикорупциската комисија“, Сакам да кажам, 24 декември 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/bojan-hristovski-mozhe-da-bide-direktor-na-anb-izglasaa-site-chlenovi-na-antikoruptsiskata-komisija/.

62 ДУИ: Екстремно деградирање се случува во безбедносната и одбранбената сфера со ВРЕДИ“, Либертас, 21 октомври 2024 година, https://libertas.mk/dui-ekstremno-degradira-e-se-sluchuva-vo-bezbednosnata-i-odbranbenata-sfera-so-vredi/.

63 „ДКСК: Пристигната е претставка против актуелниот директор на Агенцијата за разузнавање, препратена е на одлучување до Силјановска Давкова“, Нова Македонија, 2 декември 2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/dksk-pristignata-e-pretstavka-protiv-aktuelnata-direktorka-na-agencijata-za-razuznavanje-prepraten-e-na-odluchuvanje-do-siljanovska-davkova/.

64 „Собранието доби „глува соба“ за доверливи комуникации“, Нова Македонија, 21 октомври 2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/sobranieto-dobi-gluva-soba-za-doverlivi-komunikacii/.

# Реформа на јавната администрација

Уставниот суд, на својата седница на 9 октомври 2024 година, донесе одлука за укинување на Балансерот.[65] Оваа одлука уследи по одлуката на Судот во септември 2024 година за покренување постапка и привремено суспендирање на употребата на оваа алатка.[66] Во меѓувреме, коалицискиот партнер ВРЕДИ (ВЛЕН) најави дека наскоро официјално ќе биде предложен нов Закон за правична застапеност, опишан како подобрена алтернатива на Балансерот. Првиот вицепремиер од ВЛЕН изјави дека веќе постои договор меѓу коалиционите партнери за донесување на ваков закон. Сепак, Министерството за јавна администрација не е информирано за верзијата на законот објавена од ВЛЕН, а министерот потврди дека Министерството не подготвува таква законска регулатива.[67]

Министерството за јавна администрација увери дека не зазема став за пресудите на Уставниот суд,[68], но ќе обезбеди нивно спроведување откако ќе бидат објавени во Службен весник.[69] Во меѓувреме, на институциите им се дадени јасни упатства за тоа како да постапат во овој период.[70]

До донесување на Закон за правична застапеност, огласите за вработување ќе се објавуваат без назнака на етничка припадност;[71] но прво ќе бидат претставени пред Владата со цел донесување на подзаконски акт/уредба.[72] Покрај тоа, премиерот најави дека Законот за правична застапеност ќе биде договорен од работната група, која веќе е формирана, и ќе биде испратен до Венецијанската комисија за разгледување.[73] Министерот за јавна администрација не е дел од таа група поради различните ставови со коалицискиот партнер ВЛЕН[74] и наместо тоа се залага за поширока јавна дебата за да се избегне потенцијално поништување од страна на Судот.[75] Загриженост предизвика и употребата на изјави за етничка припадност заверени на нотар.[76]

На 28 октомври, Министерството за јавна администрација одржа јавна расправа во Собранието за предлог-законите кои се однесуваат на државните службеници, вработените во јавниот сектор и професионалното усовршување.[77] Овие реформи имаат за цел да го подобрат управувањето со човечките ресурси, да ги рационализираат процедурите за вработување и да ги усогласат политиките со стандардите на ЕУ.[78]

Министерството за дигитална трансформација најави дека ќе изработува нова Национална стратегија за ИКТ, како и формирање на Национален совет за дигитална трансформација за водење на дигиталниот развој на земјата и премостување на дигиталниот јаз.[79]

---

65 „Балансерот укинат, доаѓа нов Закон за правична застапеност", Радио Слободна Европа, 9 октомври 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/balanser-ustaven-diskriminacija/33152200.html.

66 Исто.

67 Исто.

68 „Минчев за „балансерот": Не ги коментираме одлуките на Уставниот суд, владината коалиција има политички капацитет да најде соодветно решение за правичната застапеност", 360 Степени, 10 октомври 2024, https://360stepeni.mk/minchev-za-balanserot-ne-gi-komentirame-odlukite-na-ustavniot-sud-vladina-ta-koalitsija-ima-politichki-kapatsitet-da-najde-soodvetno-reshenie-za-pravichnata-zastapenost/.

69 Исто

70 „Министерство за јавна администрација со насоки како да постапува со „балансерот", Канал 5, 30 септември 2024, https://kanal5.com.mk/ministerstvoto-za-javna-administracija-so-nasoki-kako-da-postapuva-so-balanserot/a661727.

71 „ Ќе биде ли „упатството" за огласи во администрацијата по укинувањето на „балансерот", владина уредба?", 24.mk, 20 октомври 2024, https://24.mk/details/kje-bide-li-upatstvoto-za-oglasi-vo-administracijata-po-ukinuvanjeto-na-balanserot-vladina-uredba.

72 Исто.

73 Исто.

74 „Мицкоски: Има работна група на експерти која работи на законско решение за правичната застапеност, Минчев не е дел од неа", Makpress.mk, 30 октомври 2024, https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=605830.

75 „Никако да се усогласат, Таравари (ВЛЕН) готов е новиот Закон за правична застапеност, Минчев (ЗНАМ) да не се избрзува", Racin.mk, 10 октомври 2024, https://racin.mk/vesti/nikako-da-se-usoglasat-taravari-vlen-gotov-e-noviot-zakon-za-pravichna-zastapenost-minchev-znam-da-ne-se-izbrzuva/.

76 Исто.

77 „Јавна дискусија на Министерството за јавна администрација во законодавниот дом на Република Македонија: Крај на првата кампања за почеток на реформите во јавната администрација!", Официјална веб-страница на Министерството за јавна администрација, 28 октомври 2024, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/javna-diskusija-na-ministerstvoto-za-javna-administracija-vo-zakonodavniot-dom-na-republika-makedonija-kraj-na-prvata-kampanata-za-pocetok-na-reformite-vo-javnata-administracija.nspx.

78 Исто.

79 Исто.

На 8 ноември, Секторската работна група на РЈА го разгледа нацрт Годишниот извештај за спроведување на реформите во јавната администрација (РЈА), дискутирајќи за предизвиците при модернизација на државните институции, граѓанското општество и донаторите.[80] Секретаријатот за РЈА го усвои извештајот на 25 декември, нагласувајќи дека е важно континуирано да се следат и оценуваат активностите.[81]

На 20 декември, Министерството за дигитална трансформација го отвори надградениот национален портал uslugi.gov.mk, на кој се додадени 100 нови е-услуги. Порталот доби 30.000 нови корисници за пет месеци, а активностите за воспоставување сервисни центри низ целата земја се во тек.[82]

80 Исто.
81 Исто.
82 „Редизајниран порталот uslugi.gov.mk Граѓаните сега имаат пристап до нови 100 електронски услуги“, Plusinfo.mk, 20 декември 2024, https://plusinfo.mk/redizaniran-portalot-uslugi-gov-mk-gra-anite-sega-imaat-pristap-do-novi-100-elektronski-uslugi/.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

Во овој извештаен период нема значајни случувања. Моментално се планира да се преструктурира Советот за следење на спроведувањето на Стратегијата за развој на правосудниот сектор (2024-2028) во постојано тело. Оваа реформа има за цел да ги намали преклопувањата помеѓу Реформската агенда на Северна Македонија, која произлегува од Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан, и да обезбеди рационализиран надзор, подобрена координација и навремено спроведување на сите мерки и активности.[83]

## Управни тела

На 2 декември, претседателот на Судскиот совет поднесе оставка, наведувајќи дека бил жртва на политички притисок,[84], но сепак остана член на Советот.[85]

На 19 декември завршија шестгодишните мандати на двајца членови на Судскиот совет.[86] Овие членови беа судии од Апелационото подрачје Штип и од општината во која живее над 20% од населението на Северна Македонија.[87] Нивните замени беа избрани со изборна постапка на 12 декември.[88] За прв пат, биографиите на кандидатите беа објавени онлајн,[89] што е подобрување на транспарентноста во согласност со препораките на ЕУ.

На 16 декември, Собранието го отфрли Годишниот извештај на Судскиот совет за 2023 година, откако комисијата го оцени негативно.[90] Претседателот на Собранието најави можно разрешување на пет членови на Советот избрани од Собранието, [91] што предизвика критики од правни експерти и граѓанското општество, кои предупредија за уставните и меѓународно-правните проблеми.[92] Претседателот подоцна изјави дека ќе го консултира Уставниот суд.[93] Извештајот на Советот на јавни обвинители за 2023 година, исто така, доби негативна оценка од комисијата, и се чека пленарна одлука.[94]

83 „Придонес на Министерството за правда во расправата за Извештајот во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024 година", Официјална веб-страница на Институтот за европска политика-Скопје, 26 декември 2024 година, https://epi.org.mk/post/27153.

84 „Соопштение за јавност", Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 2 декември 2024, https://bit.ly/4h8L2ml.

85 „Соопштение од 507-та итна седница одржана на 02.12.2024 година", Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/40Kq5c5.

86 „Соопштение од 508-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија", Официјална веб-страница на Судскиот совет на РСМ , 17 декември 2024, https://bit.ly/4jp1JvH.

87 „Соопштение за избор на нови членови на Судскиот совет на Република Македонија", Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 11 декември 2018, https://bit.ly/4jp1Nvr.

88 „Кандидатски листи", Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 28 ноември 2024, https://bit.ly/3PQlFKc.

89 „Биографија на кандидатите за избор на 2 (двајца) членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите", Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 28 ноември 2024, https://bit.ly/42kIYUb.

90 „Собраниската комисија за политички систем не го прифати Годишниот извештај на Судскиот совет", MKD.mk, 3 октомври 2024, https://mkd.mk/sobraniska-ta-komisija-za-politichki-sistem-ne-go-prifati-godishniot-izveshtaj-na-sudskiot-sovet/.

91 „Негативен извештај за Судскиот совет – Собранието ќе одлучи за разрешувањето на пет члена на Советот", ТВ 21, 26 декември 2024, https://mk.tv21.tv/nega-tiven-izveshtaj-za-sudskiot-sovet-sobranieto-ke-odluchi-za-razreshuvaneto-na-pet-chlena-na-sovetot/.

92 "Дали разрешувањето на членовите на Судскиот совет е противуставно", Телма ТВ, 29 декември 2024, https://telma.com.mk/2024/12/29/dali-razreshuvane-to-na-chlenovite-na-sudskiot-sovet-e-protivustavno/.

93 „Гаши: Собранието ќе го консултира Уставниот суд за да не згрешат ако ги разрешат членовите на Судскиот совет избрани од Собранието", Слободен печат, 26 декември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/gashi-sobranieto-kje-go-konsultira-ustavniot-sud-za-da-ne-zgreshat-ako-gi-razreshat-chlenovite-na-suds-ki-sovet-izbrani-od-parlamentot/.

94 „Детали на седница 9", Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 25 декември 2024, https://www.sobranie.mk/detali-na-sed-nica.nspx?sittingId=3db1952b-6195-4d87-871c-b81d363a7969&&isArchive=.

## Независност и непристрасност

На 2 октомври 2024 година, судството ги лансираше системите SRS Femida и Femida True Records за да обезбеди аудио и видео снимки од судски рочишта, заменувајќи ја застарената технологија и зајакнувајќи ја судската транспарентност.[95]

На 22 октомври, Врховниот суд и Судско-медиумскиот совет претставија препораки[96] за стандардизирано снимање и фотографирање во случаи од јавен интерес.[97] И покрај нивното усвојување на 6 ноември, судијата од Основниот суд во Битола не се придржуваше до нив,[98] по што следеше жалба и во моментов се врши контрола од страна на Врховниот суд.[99]

Во ноември и декември, Министерството за правда, поддржано од проектот Владеење на правото на ЕУ, одржа четири експертски расправи со судовите во апелационите подрачја за нацрт-измените на Законот за Судскиот совет,[100] со цел зајакнување на законските рамки преку инклузивен консултативен процес.[101]

На 27 ноември 2024 година донесен е нов Правилник за составот и работењето на Советот за координација на информатичко-комуникациската технологија во судските тела (Совет за ИКТ)[102] за целосно усогласување со член 87а од Законот за судовите. [103] Овој член наложува Советот да вклучува само претставници од судските институции, осврнувајќи се на пропустот во составот избран на 25 јануари 2024 година, со што беше исклучен претставник од Врховниот суд.[104] Според новиот Правилник, претставниците од ACJO, здруженијата и фондациите поврзани со правдата и академската заедница можат да учествуваат по потреба, по предлог на членовите на Советот, но без право на глас.[105]

---

95 „Промоција на системот за тонско (аудио) и видео снимање на судските расправи", Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 2 октомври 2024, https://bit.ly/40KMx4K.

96 „Препораки за снимање и фотографирање во судница", Врховен суд на Република Северна Македонија, 22 октомври 2024 година, https://bit.ly/4hpItfM.

97 „Врховниот суд и Судско-медиумскиот совет ги промовира препораките за снимање и фотографирање судница", Официјална веб-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 22 октомври 2024, https://bit.ly/3CphDWf.

98 „Новинарските акредитации кои сме ги дале како Врховен суд се за да се зајакне довербата во судството, а не судиите да ги игнорираат, реагира Беса Адеми за вчерашниот инцидент во битолскиот основен суд", Сакам да кажам, 7 ноември 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/novinarskite-akreditatsii-shto-sme-gi-dale-kako-vrhoven-sud-se-za-da-se-zajakne-doverbata-vo-sudstvoto-a-ne-sudiite-da-gi-ignira-besa-ademi-za-vcherniot-intsident-vo-bitolski-sud/.

99 „Адеми: Да се почитуваат акредитациите за медиумите и препораките за снимање и фотографирање во судница", Официјална веб-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 7 ноември 2024, https://bit.ly/4g5ZVFb.

100 „Втора стручна дебата за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет", Македонска радио телевизија (МРТ), 28 ноември 2024, https://www.mrt.com.mk/node/120048.; „Тркалезна маса Апелација Штип", Официјална страница на Министерството за правда, 3 декември 2024, https://www.pravda.gov.mk/galerija/3446.; „Во Основниот суд во Гостивар, се одржа тркалезна маса за потребите од измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет", Официјална страница на Министерството за правда, 12 декември 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6799.

101 „Филков: Започнуваме процес за добивање функционален и независен Судски совет, ослободен од политички влијанија", Официјална веб-страница на Министерството за правда, 15 ноември 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6788.

102 „Правилник за состав и начин на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи", Службен весник на Република Северна Македонија бр. 242/2024.

103 „Придонес од Министерството за правда во расправата за Извештајот во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024 година".

104 Исто

105 „Правилник за состав и начин на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи".

## Отчетност

На 24[106] и 29 октомври,[107] година, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители назначија двајца членови во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), што предизвика реакции поради ризикот од корупција и судир на интереси. Наместо да се придржуваат до член 9 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители[108] и член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,[109] тие како претставници во УО на Академијата назначија членови на сопствените совети.[110] Иако овие лица формално ги имаат титулите судии и обвинители, нивните функции се замрзнати поради нивните назначувања како членови на советот, што значеше непочитување на условот тоа да се активни судии и обвинители.

Во процесот недостасуваше транспарентност и образложение.[111] Советот на јавни обвинители одлучи за прашањето за само 11 минути, додека Судскиот совет го разгледуваше под точката „Разно" на дневниот ред, по две дискусии на затворена седница, без присуство на јавноста.[112] Како резултат на тоа, расправите и одлуките не беа дел од јавно достапните снимки од сесијата.[113] Именувањата, исто така, предизвикаа судир на интереси, бидејќи именуваните членови можеа да влијаат врз клучните судски одлуки во сите фази.[114]

Одлуката предизвика остри критики од политичките партии и граѓанското општество, поради што ДКСК започна истрага.[115] ДКСК заклучи дека именувањата се спротивни на законите за спречување корупција, поткопувајќи го судскиот интегритет и повика на нивно поништување.[116] И покрај ова, и двата совета ги бранеа своите постапки, тврдејќи дека претходните слични именувања не биле оспорени.[117]

Фокусот врз судството се зголеми со разрешувањето на судија и поранешен претседател на Основниот суд Кавадарци на 16 октомври, поради еден од двата тековни предмети за преиспитување на неговата одговорност.[118] Тој беше разрешен за несовесно и непрофесионално однесување, односно направил 95 телефонски повици со обвинет во предмет со кој претседавал.[119] Првично, тој побарал јавноста да има пристап до постапката, но подоцна побарал исклучување на јавноста од понатамошниот тек на постапката.[120]

---

106 „Соопштение од 503-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија", Официјална веб-страница на Судскиот совет на РСМ , 24 октомври 2024, https://bit.ly/4huP8We.

107 „Записник од 4-та седница на СЈОРСМ", Официјална веб-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 29 октомври 2024, https://sjorm.gov.mk/zapisnik-od-4-sednica-na-sjorsm/.

108 „Закон за Академија за судии и јавни обвинители", Службен весник на Република Северна Македонија бр. 129/2023.

109 „Закон за спречување на корупција и судир на интереси", Службен весник на Република Северна Македонија бр. 12/2019.

110 „Соопштение од 503-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија"; „Записник од 4-та седница на СЈОРСМ".

111 „Јавна реакција за номинација на членови на Управниот одбор на Академијата од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители," Коалиција „Сите за правично судење", 24 октомври 2024 година, https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/10/35-JR-UO-ASJO-102024.pdf.

112 Исто.

113 Исто.

114 Управниот одбор на Академијата одлучува по жалбите на кандидатите во врска со приемот, резултатите од обуката и конечното рангирање за судиите и јавните обвинители, додека советите одлучуваат за конечниот избор на овие кандидати за судии и јавни обвинители. Оваа двојна улога им овозможува на членовите на советите да влијаат врз одлуките во секоја фаза од оценката на кандидатот, поткопувајќи ја непристрасноста и консолидирајќи ја моќта за донесување одлуки.

115 „ДКСК бара Судскиот и Советот на јавни обвинители да ја стават вон сила одлуката за номинација на членови во Управниот одбор на АСЈО", 360 Степени, 8 ноември 2024, https://360stepeni.mk/dksk-bara-sudskiot-i-sovetot-na-javni-obviniteli-da-ja-stavat-von-sila-odlukata-za-nominatsija-na-svoi-chlenovi-vo-upravni-ot-odbor-na-asjo/.

116 „Одлуките на ДКСК пристигнаа до судскиот и обвинителскиот совет, мора да постапат до 29 ноември", Слободен печат, 15 ноември 2024, https://www.sloboden-pecat.mk/odlukite-na-dksk-pristignaa-do-sudskiot-i-obvinitelskiot-sovet-mora-da-postapat-do-29-noemvri/.

117 „Записник од 505-тата седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија", Судски совет на Република Северна Македонија, 20 ноември 2024 година, https://bit.ly/4hwueWK.; „Записник од 8 седница на СЈОРСМ", Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 27 ноември 2024 година, https://sjorm.gov.mk/zapisnik-od-8-sednica-na-sjorsm/.

118 „Разрешен судијата од кавадаречкиот суд, Лазар Нанев, дознава Телма", Телма ТВ, 16 октомври 2024, https://telma.com.mk/2024/10/16/razreshen-lazar-nanev-doznava-telma/.

119 „Соопштение", Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 септември 2024, https://bit.ly/4h73wV6.

120 „Соопштение од 502-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија", Официјална веб-страница на Судскиот совет на РСМ , 16 октомври 2024, https://bit.ly/3Cs5kbJ.

ДКСК, исто така, поведе постапка на 8 ноември со поднесување иницијатива до Судскиот совет и Здружението на судии за поведување дисциплинска постапка против член на Судскиот совет за судир на интереси и пристрасност во вршењето на службената должност.[121] Членот наводно покренал постапка за утврдување на одговорност на судиите на Врховниот суд кои имале одлучувачка улога во предмет во кој бил вклучен негов брат или сестра, спротивно на членовите 73 и 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.[122] Дополнително, ДКСК утврди дека членот сторил прекршок казнив по член 107 и најави поведување постапка за издавање на прекршочна пријава.[123]

Во ноември се јави загриженост околу обвинителскиот систем, кога Јавниот обвинител предложи дисциплинска постапка против двајца обвинители од Високото јавно обвинителство во Скопје за непрофесионално однесување и нерегуларности во постапките. На 11 ноември, беше суспендиран раководителот на обвинителството, а Советот на јавни обвинители ја потврди одлуката на 18 ноември. Во тек е кривична постапка.

Загриженоста во врска со обвинителскиот систем се појави во ноември откако Вишото јавно обвинителство во Скопје изврши контрола. Јавниот обвинител на Република Северна Македонија поднесе предлог до Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност на јавните обвинители во рамките на Советот на јавни обвинители, со кој се бара дисциплинска постапка против Раководителот на обвинителството и друг јавен обвинител за непрофесионално и несовесно однесување.[124] Јавниот обвинител е обвинет за процедурални нерегуларности, вклучувајќи отфрлање на жалби или обвиненија во четири предмети, како и за прекршоци при регистрацијата и постапувањето во предмети.[125] Во меѓувреме, Раководителот на обвинителството е под истрага за вознемирување на работното место и негова вмешаност во три од горенаведените случаи, за што дал согласност.[126] Како резултат на тоа, на 11 ноември 2024 година, Јавниот обвинител го суспендираше Раководителот на Вишото јавно обвинителство во Скопје.[127] Советот на јавни обвинители ја разгледа одлуката за суспензија и на 18 ноември 2024 година ја потврди истата, отстранувајќи го од функцијата додека не се заврши кривична постапка.[128]

121 „ДКСК поднесе иницијатива за дисциплинска постапка против член на Судскиот совет", А1 он, 8 ноември 2024, https://a1on.mk/macedonia/dksk-podnese-inicijativa-za-disciplinska-postapka-protiv-chlen-na-sudskiot-sovet/.

122 „Врховни судии ја пријавиле Антоанета Димовска во Антикорупциска против закани и притисоци", Алфа ТВ, 9 ноември 2024, https://alfa.mk/paula-denes/.

123 „ДКСК поднесе иницијатива за дисциплинска постапка против член на Судскиот совет".

124 „Коцевски доставил предлог за поведување на дисциплинска постапка против шефот на Вишото ЈО Скопје Мустафа Хајрулахи и уште еден јавен обвинител", Нова Македонија, 3 декември 2024, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/kocevski-dostavil-predlog-za-poveduvanje-disciplinska-postapka-protiv-shefot-na-vishoto-jo-skopje-mustafa-hajrulahi-i-ushte-eden-javen-obvinitel/.

125 Исто.

126 Исто.

127 „Истрага против јавниот обвинител, донесена одлука за оддалечување од функцијата", Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 11 ноември 2024 година, https://jorm.gov.mk/istraga-protiv-javen-obvinitel-donesena-odluka-za-oddalechuvane-od-funkczijata/.

128 „Соопштение за одржана седница", Официјална веб-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 18 ноември 2024, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-odrzhana-sednica-2/.

## Професионалност и компетентност

Судскиот совет на 6 ноември ги одржа првите избори според изменетиот Деловник за работа и Правилникот за рангирање на кандидати за избор на судии во вишите судови, донесен на 29 мај 2024 година.[129] Избрани се двајца судии во Апелациониот суд Гостивар и тројца судии во Апелациониот суд Штип во граѓанскиот оддел. Изменетиот Деловник се применуваше и при изборот на претседатели на Вишиот управен суд и на Основните судови во Велес и Струга.[130]

На 22 октомври Советот на јавни обвинители избра шест јавни обвинители: еден јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола, еден во Вишото јавно обвинителство во Скопје, двајца во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и двајца во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК).[131] Имено, еден од избраните обвинители претходно бил предмет на дисциплинска постапка за настани од 2017 година, но предметот бил отфрлен поради ненавремено покренување на предлогот.[132]

## Квалитет на правдата

Управниот одбор на АСЈО на 14 октомври избра нов директор, јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство во Битола.[133] Еден од шесте други кандидати го оспори процесот на избор во Управниот суд, тврдејќи дека има процедурални повреди. [134] Сепак, судот ја отфрли тужбата како неоснована.[135]

На 27 декември, АСЈО ја објави прелиминарната ранг-листа за завршниот испит на осмата генерација слушатели на програмата за почетна обука.[136] По контроверзното номинирање на членовите на одборот од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, новиот четиригодишен состав на одборот, вклучително и членовите номинирани од советот, беше формиран на 30-ти декември. Одборот одржа итна седница за донесување на Деловник за работа и распиша оглас за избор на заменик директор. [137]

## Ефикасност

На 8 октомври 2024 година, Врховниот суд донесе начелна позиција дека државата е должна да обезбеди здрава животна средина и дека нерешавањето на проблемот со загадувањето на воздухот и животната средина претставува повреда на правата на граѓаните. Според тоа, граѓаните имаат право да ја тужат државата и да бараат надомест на штета како резултат на ефектите од загадувањето.[138]

---

129 „Соопштение од 488-та седница на Судскиот совет на РСМ - 29.05.2024 година" Официјална веб-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија , https://bit.ly/4bOlHLk.

130 „Соопштение од 504-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија", Официјална веб-страница на Судскиот совет на РСМ , 6 ноември 2024, https://bit.ly/4jrTtev.

131 „Соопштение", Официјална веб-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 22 октомври 2024, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-odrzhana-sednica-5/.

132 „Членовите на Советот на јавните обвинители, по пет години, заклучија дека дисциплинската постапка против Златко Биковски за настаните од 27 април била задоцнета и го унапредија во Републички јавен обвинител", Сакам да кажам, 24 октомври 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/chlenovite-na-sovetot-na-javni-obviniteli-po-5-godini-sfatija-deka-distsiplinskata-postapka-protiv-zlatko-bikovski-za-27-april-bila-zadotsneta-go-apredija-vo-republichki-obitel/.

133 „Известување од одржано продолжение на 221-ва седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители", Официјална веб-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 14 октомври 2024, https://bit.ly/4hsyaYm.

134 „Судијата Ненад Савески поднесе тужба за начинот на кој бил избран директорот на Академијата за судии и јавни обвинители", 360 Степени, 15 ноември 2024, https://360stepeni.mk/sudijata-nenad-saveski-podnese-tuzhba-poradi-nachinot-na-koj-beshe-izbran-direktor-na-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli/.

135 „Управниот суд ја одби како неоснована тужбата за начинот на кој беше избрана директорката на АСЈО", 360 Степени, 17 декември 2024, https://360stepeni.mk/upravniot-sud-ja-odbi-kako-neosnovana-tuzhbata-za-nachinot-na-koj-beshe-izbrana-direktorkata-na-asjo/.

136 „Прелиминарна ранг листа од завршниот испит за 8-ма генерација", Официјална веб-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 27 декември 2024, https://bit.ly/42qzgPZ.

137 „Известување од одржана 227-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Официјална веб-страница на Академијата за судии и јавни обвинители "Павел Шатев", 31 декември 2024, https://bit.ly/3PSoXNg.

138 „Врховен суд: Државата е должна да обезбеди здрава животна средина, а непреземањето дејствија е повреда на правата на граѓаните", Официјална веб-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 8 октомври 2024 година, https://bit.ly/4aynoxv.

# Борба против корупцијата

Во последниот извештај на ЕК за напредокот е наведено дека нивото на подготовка на земјата за борба против корупцијата е помеѓу „доволно и умерено“. Повторно се дадени претходните препораки, меѓу кои е и усвојување на нов Кривичен законик во согласност со законодавството на ЕУ и меѓународните стандарди, унапредување на спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и обезбедување доволно човечки и финансиски ресурси за Канцеларијата на ОЈОГОКК и ДКСК.[139]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

Во текот на овој квартал, ДКСК[140] и Јавното обвинителство (ОЈО)[141] испитаа дали новоименуваниот директор на АНБ ги исполнува условите за позицијата. ДКСК заклучи дека нема надлежност да ги процени академските постигнувања на директорот, но утврди дека тој формално ги исполнува условите.[142] Истовремено, овој случај го покрена прашањето за можен судир на интереси на еден од членовите на ДКСК,[143] кој предавал на истиот универзитет на кој дипломирал директорот.[144] ДКСК одговори дека тој член побарал да биде изземен од овој предмет. Сепак, нејзините колеги не се согласија,[145] тврдејќи дека нема конфликт на интереси бидејќи таа била само гостин предавач на тој универзитет и никогаш не добила никаков финансиски надомест за нејзините предавања.[146]

ДКСК, исто така, во текот на овој квартал заврши неколку други истраги, при што беше утврден судир на интереси кога директор на меѓуопштински центар за социјална работа истовремено бил член на управниот одбор на Јавното претпријатие Водовод и канализација [147] и злоупотреба на државни пари за приватни цели на службено патување од страна на поранешен министер за култура.[148] Во случајот со синот на актуелниот премиер кој патувал со него на службен пат, ДКСК утврдила дека тој патувал на свој трошок и немало злоупотреба на државни пари за приватни цели.[149]

На почетокот на декември, ДКСК усвои измени и дополнувања на Деловникот, воведувајќи случајна и рамномерна распределба на предметите меѓу своите членови.[150] Дополнително, ДКСК ја усвои својата Програма за работа за 2025,[151] како и својот Годишен план за следење на имотната состојба и судирот на интереси за 2025[152] година и својот Годишен план за спроведување на антикорупциска проверка

139 „РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА КОМИСИЈАТА – Извештај за Северна Македонија за 2024 година“, Европска комисија, 30 октомври 2024 година, https://bit.ly/40NhHZf.

140 „Антикорупциска отвора предмет за назначувањето на Бојан Христовски за директор на АНБ“, Слободен печат, 22 октомври 2024, https://www.slobodenpecat.mk/antikorupciska-otvora-predmet-za-naznachuvanjeto-na-bojan-hristovski-za-direktor-na-anb/.

141 „Обвинителство отвори предистрага за назначувањето на Христовски за директор на АНБ“, Слободен печат, 1 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/obvinitelstvo-otvori-predistraga-za-naznachuvanjeto-na-hristovski-za-direktor-na-anb/.

142 „Антикорупциска се прогласи за ненадлежна за валидноста на ТОЕФЛ сертификатот на Христовски“, 360 Степени, 24 декември 2024, https://360stepeni.mk/antikoruptsiska-se-proglasi-za-nenadlezhna-za-validnosta-na-toefl-sertifikatot-na-hristovski/.

143 „Има ли судир на интереси во ДКСК?“, Телма ТВ, 25 декември 2024, https://telma.com.mk/2024/12/25/ima-li-sudir-na-interesi-vo-dksk/.

144 „Ристовска од Антикорупциска, која го водеше предметот со дипломата на Христовски, предава на истиот универзитет“, Слободен печат, 25 декември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/ristovska-od-antikorupciska-koja-go-vodeshe-predmetot-so-diplomata-na-hristovski-predava-na-istiot-univerzitet/.

145 „Цвета Ристовска бара да биде изземена од предметот за Христовски, но нејзините колеги одбиле – вели претседателката на ДКСК“, 360 Степени, 30 декември 2024, https://360stepeni.mk/tsveta-ristovska-barala-da-bide-izzemena-od-predmetot-za-hristovski-no-nejzinite-kolegi-odbile-veli-pretsedatelkata-na-dksk/.

146 „Соопштение за јавност“, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 26 декември 2024, https://bit.ly/40RZMAR.

147 „Ем директор член на управен одбор – Антикорупциска констатира судир на интереси“, Слободен печат, 8 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/em-direktor-em-chlen-na-upraven-odbor-antikorupciska-konstatira-sudir-na-interesi/.

148 „ДКСК иницира постапка против Костадиновска-Стојчевска – утврди дека користела државни пари за приватни цели на службено работење во Британија“, 360 Степени, 8 ноември 2024, https://360stepeni.mk/dksk-initsira-postapka-protiv-kostadinovska-stojchevska-utvrdi-deka-koristela-drzhavni-pari-za-privatni-tseli-na-sluzhbeno-patuvane-vo-britanija/.

149 „ДКСК: Синот на Мицкоски во САД бил на своја сметка, не е прекршен законот“, Сител ТВ, 9 октомври 2024, https://sitel.com.mk/dksk-sinot-na-mickoski-vo-sad-bil-na-svoja-smetka-ne-e-prekrshen-zakonot.

150 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Деловник за изменување на Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3087/1 од 06.12.2024 година“ (2024), https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/02-3087-1.pdf.

151 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Програма за работа на ДКСК за 2025 година“, 31 декември 2024 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/10-3236-1.pdf.

152 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен план за следење на имотната состојба и судирот на интереси за 2025 година“, 31 декември 2024 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/08-3237-1.pdf.

на законската регулатива за 2025 година.[153] Во својата Програма за работа, ДКСК наведе неколку приоритети за следната година. Тоа се: следење и оценување на спроведувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021–2025 година; спроведување на антикорупциска проверка на легислативата; постапување по пријави за сомневање за корупција; следење на законитоста на финансирањето на политичките партии; спречување на корупцијата во изборниот процес.

Кон крајот на годината, ДКСК беше примена како полноправна членка на антикорупциската мрежа Европски партнери против корупцијата/Европска антикорупциска мрежа (EPAC/EACN).[154] Исто така, потпиша Меморандум за соработка со Стопанската комора на Северна Македонија[155] и Македонско-американската алумни асоцијација,[156] со цел дефинирање на заеднички активности за спречување на корупцијата и зајакнување на интегритетот.

## Јавно обвинителство

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија издаде задолжително упатство за сите јавни обвинители во земјата да им дадат приоритет на случаите на корупција и оние од особен јавен интерес. Ваквите предмети треба да добијат приоритет и од истражните центри на јавните обвинителства заради заштита на јавниот интерес.[157] Оттука, во текот на овој квартал беа започнати многу истраги и беа поднесени голем број обвиненија, особено против поранешни и актуелни јавни функционери.

По вклучувањето на поранешен вицепремиер и судија на црната листа на Стејт департментот на САД за наводна корупција и влијание врз судството на Република Северна Македонија,[158] ЈО покрена истрага против нив.[159] Потоа, ЈО покрена обвинение против поранешниот вицепремиер и уште неколку лица за проневера и злоупотреба на службената положба и овластување, и поднесе предлог за притвор за двајца од нив пред Основниот кривичен суд Скопје,[160] а истовремено побара и распишување на национална и меѓународна потерница по нив.[161]

Во текот на овој квартален период беа започнати и неколку други кривични истраги, меѓу кои: против јавен обвинител осомничен за злоупотреба на службената положба и овластување;[162] против син на поранешен висок функционер осомничен за откривање службени тајни;[163] како и против дваесет и три службеници во Електрани на Северна Македонија и Поштата на Северна Македонија

153 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Годишен план за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата за 2025 година“, 31 декември 2024 година, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/12/11-3234-1.pdf.

154 „Државната комисија за спречување на корупцијата стана членка на антикорупциската мрежа EPAC/EACN“, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 27 ноември 2024, https://bit.ly/4hcryOb.

155 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу Државната комисија за спречување на корупција и Стопанската комора на Северна Македонија“, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 25 декември 2024, https://bit.ly/3WC8qRl.

156 „Потпишан меморандум за соработка – зајакнување на стратешката соработка со Македонско-американската алумни асоцијација“, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 19 ноември 2024, https://bit.ly/4gfrziP.

157 „Соопштение“, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 3 декември 2024, https://sjorm.gov.mk/soopshtenie-za-odrzhana-sednica-5/.

158 „Артан Груби и судијата Енвер Беџети завршија на американската црна листа“, Алсат М, 10 декември 2024, https://alsat.mk/mk/artan-grubi-i-sudijata-enver-bedheti-zavrshija-na-amerikanskata-tsrna-lista/.

159 „Обвинителството оформи предмет по ставањето на Груби и судијата Беџети на „црната листа“ на САД“, 360 Степени, 11 декември 2024, https://360stepeni.mk/obvinitelstvoto-oformi-predmet-po-stavaneto-na-grubi-i-sudijata-bedheti-na-tsrnata-lista-na-sad/.

160 „Детали од истражната постапка за проневера во „Државна лотарија“, предложени мерки за обезбедување“, Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 16 декември 2024, https://jorm.gov.mk/detali-od-istrazhnata-postapka-za-pronevera-vo-drzhavna-lotarija-predlozheni-merki-za-obezbeduvane/.

161 „Скопското обвинителство издаде наредба до МВР да распишеше национална, а потоа и меѓународна потерница по Груби и Бајрами“, Vecer.mk, 17 декември 2024, https://www.vecer.press/skopskoto-obvinitelstvo-izdade-naredba-do/.

162 „Истрага против јавен обвинител за злоупотреба на службена положба и малтретирање“, 24 Инфо, 11 ноември 2024, https://bit.ly/40InVtt.

163 „Приведен син на поранешен функционер поради оддавање службена тајна“, 24 Инфо, 29 декември 2024, https://24info.mk/priveden-sin-na-poraneshen-funkczioner-poradi-oddavane-sluzhbena-tajna/.

осомничени за кривични дела поврзани со злоупотреба на постапката за јавен повик, доделувањедоговори за јавни набавки или јавно-приватни партнерства, злоупотреба на службената положба и овластување и перење пари.[164]

Дополнително, во овој период поднесени се кривични пријави поради основано сомнение за злоупотреба на службената положба и овластување против следните лица: поранешен министер за култура;[165] поранешен министер за одбрана;[166] двајца поранешни директори на Фондот за иновации и технолошки развој;[167] поранешен директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, тројца државни службеници во Бирото за јавни набавки и четворица вработени во Државната комисија за жалби по јавни набавки, кои заедно постапувале за злоупотреба на постапка за јавна набавка;[168] градоначалник на општина во Скопје, пет вработени во истата општина и правно лице од Скопје;[169] извршен директор на трговски центар во Скопје и уште тројца вработени во тоа претпријатие;[170] вршител на должноста директор на јавно претпријатие во Битола и други.[171]

Поднесени се кривични пријави за други кривични дела поврзани со корупција против: петнаесет царински службеници од Царинската управа и полициски службеник за примање поткуп и злоупотреба на службената положба и овластување;[172] против дванаесет полициски службеници за измама во службата и злоупотреба на службената положба и овластување;[173] против градежен инспектор во Општина Куманово за примање поткуп и други.[174]

164 „Под истрага 23 лица во акцијата „Адитив", Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 10 декември 2024 година, https://jorm.gov.mk/pod-istraga-23-licza-vo-akczijata-aditiv/.

165 „Екс министерката Костадиновска заработи кривична пријава за Универзална", Сител ТВ, 31 октомври 2024, https://sitel.com.mk/eks-ministerkata-kostadinovska-zaraboti-krivichna-prijava-za-univerzalna.

166 „Кривична за есминистерката Славјанка Петровска и најава за протест од Независниот синдикат на професионални војници", Слободен печат, 7 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/krivichna-za-eksministerkata-slavjanka-petrovska-i-najava-za-protest-od-nezavisniot-sindikat-na-profesionalni-vojnici/.

167 „Кривични пријави против двајца поранешни директори на Фондот за иновации", Слободен печат, 12 декември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/krivichni-prijavi-protiv-dvajca-poraneshni-direktori-na-fondot-za-inovacii/.

168 „Финансиска полиција: Кривична пријава против 8 лица за злоупотреби во ТИРЗ", ТВ 21, 30 декември 2024, https://mk.tv21.tv/finansiska-politsija-krivichna-prijava-protiv-8-litsa-za-zloupotrebi-vo-tirz/.

169 „Кривична пријава против скопскиот градоначалник и пет вработени во општини: Овозможиле фирма да стекне противправна имотна корист", Макфакс, 3 октомври 2024, https://bit.ly/4ga6KWb.

170 „МВР поднесе кривична пријава против поранешниот директор и тројца вработени во ГТЦ", Mkd.mk, 17 декември 2024, https://bit.ly/4jwxdjt.

171 „Обвинение за злоупотреба на службената положба во јавно претпријатие во Битола", Официјална веб-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 18 декември 2024 година, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-zloupotreba-na-sluzhbenata-polozhba-vo-javno-pretprijatie-vo-bitola/.

172 „Петнаесет цариници и полицаец уапсени во голема полициска акција под кодно име„ Премин"", Радио МОФ, 16 октомври 2024 година, https://www.radiomof.mk/petnaeset-carinici-i-policaec-uapseni-vo-golema-policiska-akcija-pod-kodno-ime-premin/.

173 „12 полицајци со измислени екстра работни часови земале бонус плати", А1 он, 25 декември 2024, https://a1on.mk/macedonia/12-policajci-so-izmisleni-ekstra-rabotni-chasovi-zemale-bonus-plati/.

174 „Додека примала 4.000 евра поткуп уапсена градежна инспекторка вработена во општина Куманово", Сакам да кажам, 1 ноември 2024, https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/dodeka-primala-4-000-evra-potkup-uapsena-gradezhna-inspektorka-vrabotena-vo-opshtina-kumanovo/.

## Правна рамка

Како одговор на препораката на ЕК за нов Кривичен законик, Министерството за правда изјави дека подготвило нов нацрт и го доставило до ЕК за мислење.[175]

И ДКСК[176] и Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата[177] искажа загриженост за предложените измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, кои, според нив, беа избрзани без широка јавна консултација или темелна анализа. Тие го критикуваа укинувањето на управната контрола врз јавните набавки од страна на Бирото за јавни набавки и предложените измени во составот на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тврдејќи дека тоа може да ги ослабне мерките против корупцијата. По овие реакции, амандманите беа повлечени од итната постапка и поднесени по редовна законодавна постапка,[178] и го поминаа првото читање во собраниската Комисија за финансии и буџет.[179]

175 „Правда подготвила нов Кривичен законик, испратен е на мислење во Брисел“, Слободен печат, 31 октомври 2024, https://www.slobodenpecat.mk/pravda-podgotvila-nov-krivichen-zakonik-ispraten-e-na-mislenje-vo-brisel/.

176 „Државната комисија за спречување на корупцијата повикува на транспарентност и анализа при донесување на измените на Законот за јавните набавки“, Официјална веб-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 12 декември 2024, https://bit.ly/4jxiGnE.

177 „Платформа против корупција: Наместо да ја зајакнува, преку измени на Законот за јавни набавки се укинува контролата на тендерите“, Радио МОФ, 12 декември 2024, https://www.radiomof.mk/platforma-protiv-korupcija-namesto-da-za-zajaknuva-preku-izmeni-na-zakonot-za-javni-nabavki-se-ukinuva-kontrola-ta-na-tenderi/.

178 „Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го повлекоа од скратена постапка и поднесоа во редовна предлог за измени на Законот за јавни набавки со кои се засилува корупцијата“, Сакам да кажам, 16 декември 2024, https://bit.ly/3CtK6KI.

179 „Измените на Законот за јавните набавки пред собраниската Комисија за финансирање и буџет“, Biznisvesti.mk, 18 декември 2024, https://biznisvesti.mk/izmenite-na-zakonot-za-javnite-nabavki-pred-sobraniskata-komisija-za-finansirane-i-budhet/.

# Темелни права

Во последниот Извештај на ЕК за земјата се заклучува дека правната рамка на Северна Македонија за заштита на основните права делумно е усогласена со законодавството и стандардите на ЕУ. Иако земјата ги исполнува своите општи обврски во оваа област, потребна е посистематско спроведување на законите. Во согласност со минатогодишните препораки, постои потреба да се подобрат лошите услови во затворите, да се воведат алтернативи на казната затвор и да се подобрат условите во притвор. Понатаму, постои итна потреба да се доделат дополнителни ресурси на Канцеларијата на Народниот правобранител и на КСЗД, како и да се обезбеди соодветна поддршка на ранливите деца.[180]

## Судска пракса на Европскиот суд за човекови права

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на 5 ноември донесе пресуда во случајот Захариев против Северна Македонија. Жалителот тврди дека бил гонет од домашните судови и покрај неговиот имунитет од кривична одговорност во времето кога било поднесено обвинението, спротивно на одредбите на Виенската конвенција, и дека судовите не успеале да обезбедат соодветно образложение како одговор на неговите аргументи. ЕСЧП пресуди дека во овој предмет имало повреда на член 6, став 1 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и одлучи дека самото утврдување на повредата претставува доволно задоволување на апликантот и не изрече мерка за надомест на нематеријална штета претрпена од апликантот.[181]

Предметот на НДИ СОПОТ С.А. против Северна Македонија се однесуваше на арбитражата за договорот за заедничко вложување склучен помеѓу полско приватно акционерско друштво (НДИ СОПОТ С.А.) и приватна компанија од Северна Македонија. Компанијата апликант се жалела согласно член 6, став 1 од ЕКЧП дека постапката во врска со признавањето на делумната награда била неправедна бидејќи наодите на судовите во Северна Македонија на сите нивоа биле произволни и очигледно неразумни. ЕСЧП пресуди дека имало повреда на членот 6 од ЕКЧП и нареди земјата да плати 3.600 евра на компанијата апликант за нематеријална штета и 15.000 евра за покривање на трошоците за постапката.[182]

## Народен правобранител

Во декември 2024 година, Народниот правобранител го презентираше Извештајот за следење на спроведувањето на начелото за соодветна и правична застапеност за 2023 година.[183] Анализата покажа дека само неколку институции, како што е Собранието, неколку министерства и неколку единици на локалната самоуправа ефективно го почитуваат ова начело. Спротивно на тоа, Врховниот суд, Канцеларијата на претседателот на државата, Секретаријатот на Владата и Македонската академија на науките и уметностите ги имаат најслабите остварувања во овој поглед.[184]

180 „РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА КОМИСИЈАТА – Извештај за Северна Македонија за 2024 година", Европска комисија, 30 октомври 2024 година, https://bit.ly/40NhHZf.

181 ЕСЧП, „Случај Захариев против Северна Македонија (Абр. 26760/22)", 5 ноември 2024 година, https://bit.ly/4gY63R6.

182 ЕСЧП, „Случај НДИ СОПОТ С.А. против Северна Македонија (А.бр. 6035/17)", 26 ноември 2024 година, https://bit.ly/3PDxIe2.

183 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Извештај за следење на примената на начелото на соодветната и правична застапеност за 2023 година", декември 2024 година, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/documents/SPZ/SPZ-2023-Mak.pdf.\\uc0\\u8216{}Report on Monitoring the Implementation of the Principle of Adequate and Fair Representation for 2023

184 „Во МАНУ, МЕПСО и Врховниот суд не се почитува правична застапеност при вработувањето, вели Народниот правобранител", 360 Степени, 10 декември 2024, https://360stepeni.mk/vo-manu-mepso-i-vrhovniot-sud-ne-se-pochituva-pravichna-zastapenost-pri-vrabotuvane-veli-narodniot-pravobranitel/.

На седницата одржана на 25 декември, Собранието го разгледа Годишниот извештај за степенот на обезбедување почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2023година од страна на Народниот правобранител[185]. Тој содржи 34 мерки во 13 области за решавање на идентификуваните проблеми.[186]

Ова тромесечје, Народниот правобранител забележа зголемување на граѓанските претставки за прашања поврзани со квалитетот на животната средина, особено за лошиот квалитет на воздухот. Тој изрази загриженост за неконтролираната урбанизација, нелегалните депонии, палењето отпад, несоодветната инфраструктура за управување со отпадот и прекумерното испуштање на штетни гасови, барајќи од Владата да спроведе мерки за решавање на овие проблеми.[187]

## Затворски и притворски установи

Поради постојаните проблеми во затворските и во притворските установи, како што се пренатрупаност, лоша хигиена, недостаток на медицинска помош и недоволен број на затворски службеници,[188] ова тромесечје беа евидентирани нови инциденти, вклучувајќи употреба на дрога меѓу осудениците[189] и бегства од затворот Идризово, кои беа овозможени од затворските службеници.[190]

## Заштита на личните податоци

Ова тромесечје беа преземени неколку чекори за финализирање на Стратегијата за спроведување на правото на заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025–2030. По експертската мисија на Инструментот за техничка помош и размена на информации (TAIEX) за изготвување на новата Стратегија во октомври,[191] нацрт текстот беше објавен на веб-страницата на Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) со цел да се достават мислења и сугестии од јавноста.[192] Конечната верзија на Стратегијата беше промовирана на 29 ноември.[193] Во неа се наведени активностите на АЗЛП за следните пет години, во насока на постигнување на четири клучни цели во спроведувањето на правото на заштита на личните податоци:

1. Обезбедување целосна автономија и независност на АЗЛП;
2. Усогласување на законодавството;
3. Подигање на свеста и поттикнување на култура на заштита на личните податоци;
4. Спроведување на алатки за одговорност.[194]

185 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедување почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2023“, март 2024 година, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni % 20izvestai/GI-2023/GI-2023.pdf.

186 „Собранието на Република Северна Македонија ги донесе мерките за спроведување на препораките на Народниот правобранител“, Официјална веб-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 25 декември 2024, https://bit.ly/3PJ9lvs.

187 „Омбудсманот е загрижен – природата жестоко го возвраќа ударот!“, Vecer.mk, 20 ноември 2024, https://www.vecer.press/ombudsmanot-zagrizhen-priroata-zhest/.

188 „Зибери: Алармантни услови во „Идризово“, затвореници делат кревети или спијат на под“, Слободен печат, 7 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/ziberi-alarmantni-uslovi-vo-idrizovo-zatvorenici-delat-kreveti-ili-spijat-na-pod/.

189 „Затворениците фатени како се дрогираат во полуотвореното одделение во затворот Штип“, Скопје инфо, 23 октомври 2024, https://bit.ly/3WBSRcy.

190 „Шестмина затворски полицајци се сомничат дека во еден ден овозможиле бегство на повеќемина осуденици од „Идризово“, 360 Степени, 4 октомври 2024, https://360stepeni.mk/shestmina-zatvorski-politsajtsi-se-somnichat-deka-vo-eden-den-ovozmozhile-begstvo-na-povekemina-osudenitsi-od-idrizovo/.

191 „Остварена експертска мисија за подготовка на новата Стратегија за заштита на личните податоци 2025-2030 година“, Официјална веб-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 10 октомври 2024, https://bit.ly/4anadiU.

192 „Повик за достава на предлози на нацрт текстот на Стратегијата за заштита на личните податоци 2025-2030 година“, Официјална веб-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 24 октомври 2024, https://bit.ly/40fp3mI.

193 „Промоција на Стратегијата за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025-2030“, Официјална веб-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 30 ноември 2024, https://bit.ly/40C2hXE.

194 АЗЛП „Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025-2030“, ноември 2024, https://azlp.mk/wp-content/uploads/2024/11/Strategija_2025-2030_mk.pdf.

Кон крајот на годината, АЗЛП усвои[195] неколку годишни програми, вклучувајќи ја и Работната програма за 2025 година,[196], како и својата Годишна програма за надзор[197] и Годишната програма за обука за контролори и обработувачи.[198] Во својата Програма за работа, АЗЛП наведе неколку приоритети за следната година, меѓу кои и:

- Изработка на Комуникациска стратегија 2025–2030;
- Промоција на Методологијата за хармонизација на секторското законодавство;
- Зајакнување на позицијата на службениците за заштита на личните податоци;
- Донесување и објавување на подзаконски акти кои се однесуваат на пренос на лични податоци;
- Поднесување на иницијативи за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци и Законот за прекршоци.

Истовремено, АЗЛП усвои и[199] неколку релевантни подзаконски акти, меѓу кои:

- Нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци;[200]
- Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци;[201]
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на супервизија.[202]

Во ова тромесечје беше подготвен и Водич за уништување на податоци собрани преку посебни истражни мерки. Овој водич има цел да даде јасни упатства за понатамошно регулирање на процесот на уништување на податоците од спроведените ПИ мерки, бидејќи таквите податоци честопати ја нарушуваат приватноста не само на конкретниот поединец, туку и на други лица кои се наоѓаат во приватната или професионалната средина на лицето од интерес. Водичот е изработен на барање на Основниот кривичен суд Скопје, согласно препораките дадени од АЗЛП во рамките на надзорите спроведени во областа на следењето на комуникациите.[203]

195 „Донесени годишни програми за работа на Агенцијата за 2025 година“, Официјална веб-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 24 декември 2024 година, https://bit.ly/40fn6a4.

196 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Програма за работа на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2025 година“, декември 2024 година, https://bit.ly/4g8QynY.

197 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Годишна програма за супервизија за 2025 година“, декември 2024 година, https://bit.ly/40qREpt.

198 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Годишна програма за обуки на контролори и обработувачи за 2025 година“, декември 2024 година, https://bit.ly/3Cfz6jO.

199 „Донесен и објавен нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци“, Официјална веб-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, 26 декември 2024 година, https://bit.ly/4fYLKBC.

200 „Правилник за безбедност на обработката на личните податоци“, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 266/24.

201 „Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци“, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 266/24.

202 „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на супервизија“, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 266/24.

203 Периќ и др., „Водич за ништење податоци собрани со посебни истражни мерки“, DCAF – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор, декември 2024 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/vodich_digital.pdf.

## Слобода на изразување

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми е објавен на 7 ноември 2024 година. Амандманите имаат цел да ги вклучат онлајн медиумите (интернет порталите) во законот и да го усогласат со стандардите на ЕУ.[204] Сепак, амандманите сѐ уште не се усвоени.

Во октомври, Централниот регистар го ограничи пристапот на новинарите до определени податоци, што влијае на нивното истражување и на правото на јавноста на информации.[205] Ова прашање подоцна беше адресирано со нова измена на Законот за Централен регистар, кој гарантира слободен пристап на новинарите до бараните податоци за истражувачки цели.[206]

Во ноември започна процесот на избор на членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Собраниската Комисија за избори и именувања ја одобри листата од 24 кандидати кои ги исполнија прелиминарните услови за седум позиции во Советот.[207] Сепак, кандидатурите на двајца кандидати беа оспорени поради потенцијален судир на интереси,[208] додека двајца други кандидати ги повлекоа своите пријави.[209] Преостанатите 22 кандидати се претставија на јавна расправа на 13 ноември, [210] но конечната одлука на Собранието сѐ уште се чека.

Во овој квартал, Судскиот совет изрече јавна опомена против судија кој ги попречуваше новинарите да присуствуваат на судско рочиште. Притоа, таа ги спречи новинарите да ја информираат јавноста за овие постапки, што, според Судскиот совет, претставува сериозна повреда на транспарентноста и правото на информирање, што е од суштинско значење за слободата на изразување.[211]

Во текот на овој квартал беа покренати две клучни иницијативи поврзани со слободата на изразување. На иницијатива на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) беа поставени основите за формирање на Мрежа на жени во медиумите во Северна Македонија „Еднакви“.[212] Оваа мрежа е создадена како одговор на неправдите, дискриминацијата и кршењето на правата на жените новинари и медиумски работници. Таа има за цел да дејствува неформално за да ги заштити тие права и да го подобри известувањето за родово чувствителни теми.[213] Покрај тоа, беше покрената иницијатива за нов Етички кодекс за новинари.[214] Беа одржани неколку консултативни состаноци со новинари и други медиумски работници на кои се дискутираше за современите потреби и предизвици со кои се соочува медиумскиот сектор.[215] Започна и изготвувањето на новиот Етички кодекс, наменет за унапредување на професионалната етика и медиумската отчетност.[216]

---

204 Министерство за дигитална трансформација, „Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми“, Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), 7 ноември 2024, https://bit.ly/4jjm31v.

205 „Централен регистар им ја отежни работата на новинарите“, Радио Слободна Европа, 16 октомври 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/centralen-register-novinari-/33159796.html.

206 „Закон за изменување и дополнување на Законот за Централен регистар“, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 235/2024.

207 „Изгласани предлог-кандидатурите за членови на Советот на АВМУ“, Слободен печат, 4 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/izglasani-predlog-kandidaturite-za-chlenovi-na-sovetot-na-avmu/.

208 „Обвинувања за политизација на регулаторното тело на медиумите доминираа на расправата за членови на Советот на ААВМУ“, Телма ТВ, 13 ноември 2024, https://telma.com.mk/2024/11/13/obvinuvana-za-politizaczija-na-regulatornoto-telo-na-mediumite-dominiraa-na-raspravata-za-chlenovi-na-sovetot-na-aavmu/.

209 „Бошњаковски и Грозданов се откажаа од кандидатурата за Советот на АВМУ“, Mkd.mk, 13 ноември 2024, https://mkd.mk/boshnjakovski-i-grozdanov-se-otkazhaa-od-kandidaturata-za-sovetot-na-avmu/.

210 „Во Собранието заврши претставувањето на кандидатите за членови во Советот на АВМУ“, Mkd.mk, 13 ноември 2024, https://mkd.mk/vo-sobranieto-zavrshi-pretstavuvanjeto-na-kandidatite-za-chlenovi-vo-sovetot-na-avmu/.

211 „ Судскиот совет одлучи по претставката на ЗНМ: Јавен укор за судијата Спировска Панева“, ТВ 21, 22 октомври 2024, https://mk.tv21.tv/sudskiot-sovet-odluchi-po-pretstavkata-na-znm-javen-ukor-za-sudijata-spirovska-paneva/.

212 „Под покровителство на ССНМ тргна иницијативата за формирање на мрежа на жени во медиумите“, Официјална веб-страница на Самостојниот синдикат на новинари и медиуми, 4 ноември 2024, https://ssnm.org.mk/aktivnosti/pod-pokrovitelstvo-na-ssnm-trgna-inicijativata-za-formiranje-na-mrezha-na-zheni-vo-mediumite.

213 „Промовирана Мрежата на жени во медиумите „Еднаква“, Радио МОФ, 10 декември 2024, https://www.radiomof.mk/promovirana-mrezhata-na-zheni-vo-mediumite-ednakva/.

214 „ Иницијатива за нов етички кодекс: Зачекорување кон современи медиумски стандарди“, Официјална веб-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 10 ноември 2024, https://bit.ly/3Wo2s6q.

215 „Новинари и медиумски работници во Струмица дискутираа околу изработката на новиот Етички кодекс на новинарите“, Радио МОФ, 24 ноември 2024, https://www.radiomof.mk/novinari-i-mediumski-rabotnici-vo-strumica-diskutiraa-okolu-izrabotkata-na-noviot-etichki-kodeks-na-novinarite/.

216 „Започна процесот за изработка на нов етички кодекс за новинарите и медиумите во Северна Македонија“, Официјална веб-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 27 декември 2024 година, https://bit.ly/3DX8Rzk.

Исто така, имаше неколку случаи на притисок врз новинари и обиди за цензура, како и : неовластено снимање и дистрибуција на видео во кое се појавува новинар;[217] подметнување пожар насочен кон возилото на уредник на локална телевизија и онлајн медиум;[218] онлајн закани[219] и несоодветен јазик насочен кон новинарите на социјалните медиуми;[220] забрана на медиумска екипа да снима судско рочиште во Основниот суд Битола[221] и пратеник ги спречува новинарите да земат изјава од новиот директор на Агенцијата за национална безбедност (НСА).[222]

## Ранливи групи и начело на недискриминација

Во новиот парламентарен состав формирана е Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со попреченост. Таа има за цел да ја подигне јавната свест и да обезбеди потребите на лицата со попреченост да се преточени во специфични законски одредби кои го гарантираат остварувањето на нивните права и создаваат услови за еднакви можности.[223]

Согласно принципот на ротирачко претседателство, КСЗД на 1 октомври 2024 година избра нов претседател и заменик-претседател.[224]

Во текот на изминатите три месеци, беа поднесени 86 претставки од граѓани до КСЗД, која усвои 36 мислења, од кои во 14 идентификуваа случаи на дискриминација.[225] Меѓу нив, еден случај се однесува на малтретирање на ученик од трето одделение во основно училиште од страна на наставник и училишен психолог, кои не само што овозможиле ученикот - кој имал забавен моторен развој, дислексија и тешкотии во говорот - да стане жртва на тешко малтретирање од страна на неговите соученици, туку и самите дополнително го малтретирале.[226] Дополнително, пријавени се случаи на дискриминација на работното место, и тоа: случај врз основа на политичка припадност против наставник од средно училиште во Битола, извршен од страна на инспектор од Државниот просветен инспекторат;[227] случај врз основа на пол против работничка, извршен од страна на нејзиниот работодавач за направено ин витро оплодување[228] и случај кога МВР дискриминирала полицајка врз основа на пол, род и мајчинство, со тоа што не обезбедило таа ефикасно да ја искористи својата законски предвидена пауза за доење.[229]

---

217 „ЗНМ и ССНМ повикуваат на итна истрага за прекршување на правата на новинарката Мирослава Симоновска", Радио МОФ, 2 ноември 2024, https://www.radiomof.mk/znm-i-ssnm-povikuvaat-na-itna-istraga-poradi-prekrshuvanje-na-pravata-na-novinarkata-miroslava-simonovska/.

218 „Запалено возилото на новинарот Серсемов, ЗНМ бара итна акција на МВР", Радио МОФ, 24 октомври 2024, https://www.radiomof.mk/zapaleno-voziloto-na-novinarot-sersemov-znm-bara-itna-akcija-na-mvr/.

219 „Новинарка пријавила закани од лажен профил на социјални мрежи", Mkd.mk, 3 ноември 2024, https://mkd.mk/novinarka-prijavila-zakani-od-lazhen-profil-na-socijalni-mrezhi/.

220 „ЗНМ ја осудува непримерната комуникација кон новинарот Срѓан Стојанчов", Официјална веб-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 12 ноември 2024, https://bit.ly/3CqUiDv.

221 „Поднесена пријава за недолично однесување на судијка од битолскиот суд", Официјална веб-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 6 ноември 2024, https://bit.ly/4g3js9g.6 November 2024, https://bit.ly/4g3js9g.","plainCitation":"'A Complaint Has Been Filed for Misconduct against a Judge from the Basic Court Bitola (Поднесена Пријава За Недолично Однесување На Судијка Од Битолскиот Суд

222 „Попречувањето на новинарската работа е недозволено, вели ЗНМ за недоличното однесување на пратеникот Ковачки", Сакам да кажам, 12 ноември 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/poprechuvaneto-na-novinarskata-rabota-e-nedozvolivo-veli-znm-za-nedolichnoto-odnesuvane-na-pratenikot-kovachki/.

223 „Формирана ИППГ за правата на лицата со попреченост", Racin.mk, 30 октомври 2024, https://racin.mk/vesti/formirana-ippg-za-pravata-na-liczata-so-poprechenost/.

224 „Нов претседател на КСЗД", Официјална веб-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 1 октомври, 2024, https://bit.ly/3OR43h0.

225 „Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација период октомври-декември 2024 година", Комисија за спречување и заштита од дискриминација, јануари 2025, https://bit.ly/4hoNMfD.

226 „Третоодделенки од училиште во Аеродром терале соученик да бакнува веце-шолји, наставничка и психолог не реагирале и рекле дека детето е проблематично", Сакам да кажам, 2 ноември 2024, https://bit.ly/3WBIlSz.

227 „Втор случај на политичка дискриминација врз професор во Битола од истиот просветен инспектор кој ја казни екскградоначалничката Петровска", Сакам да кажам , 9 ноември 2024, https://bit.ly/4aDTOGI.

228 „Дискриминација на работничка за ин витро оплодување", Официјална веб-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 30 декември 2024 година, https://bit.ly/3CfdeFe.

229 „ МВР спречило полицајка да го дои своето бебе на пауза: „Се превезувам со патници што поминуваат граница", Слободен печат, 23 декември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/mvr-sprechilo-policajka-da-go-doi-svoeto-bebe-se-prevezuvam-so-patnici-shto-pominuvaat-granica/.

КСЗД, исто така, забележа зголемување на претставките за недостаток на достапен јавен превоз во Скопје. Според КСЗД, ова прашање диспропорционално влијае на одредени групи на граѓани, вклучувајќи жени, млади луѓе и студенти, постари граѓани, Роми и жители на оддалечените населени места. Недостапноста на јавен превоз ги попречува во остварувањето на основните човекови права, како што се правото на образование, движење, здравствена заштита, вработување и пристап до стоки и услуги.[230]

Во средината на октомври, лицата со попреченост, нивните лични асистенти и негуватели протестираа за социјална правда и еднаквост. Тие побараа еднаков развој на целата територија на Северна Македонија, создавање услови за инклузивни настани и иницијативи кои промовираат интеракција меѓу лицата со попреченост и гарантиран пристап до сите општини, здравствени институции, училишта, министерства и центри за социјална грижа.[231]

## Род

Платформата за родова еднаквост[232] и Мрежата за заштита од дискриминација[233] ги критикуваа предложените измени на Законот за основно образование[234] и новиот Закон за средно образование,[235] кои ги отстрануваат родот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација. Тие тврдат дека ова ја поткопува заштитата од дискриминација и апелираа до Министерството за образование и наука (МОН) да ги усогласи овие закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација. КСЗД, исто така, наведе дека ваквите измени негативно ќе влијаат врз вклучувањето на децата со попреченост во образованието, родовата еднаквост и заштитата на младите со различна сексуална ориентација и родов идентитет од насилство и дискриминација. На крајот, КСЗД нагласи дека овие измени се спротивни на Законот за спречување и заштита од дискриминација.[236] Од МОН одговорија, појаснувајќи дека терминот „и други" во одредбите за антидискриминација од горенаведените закони ги опфаќа сите видови дискриминација.[237] Овие закони ја поминаа првата фаза од законодавната постапка[238], но во ова тромесечје сѐ уште не се усвоени.

Во октомври, новоформираната Институционална група за креирање политики за родовата еднаквост и социјалната инклузија (ГЕСИ) го одржа својот прв координативен состанок, на кој учествуваа претставници на клучните институции за тестирање на алатките на ГЕСИ во рамките на процесот за проценка на влијанието на регулативата (ПВР).[239]

230 „Соопштение за јавноста – јавен превоз", Официјална веб-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 28 ноември 2024, https://bit.ly/4gZW1yO.

231 „Бараме пристап до сите општини, болници, школи, протестираа лицата со попреченост", Сакам да кажам, 15 октомври 2024, https://bit.ly/3Eesh2B.

232 „Платформата за родова еднаквост реагира на предлог законите за основно и средно образование каде се тргнати зборовите „родова еднаквост", Радио МОФ, 1 ноември 2024 година, https://www.radiomof.mk/platformata-za-rodova-ednakvost-reagira-na-predlog-zakonite-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie-kade-se-trgnati-zborovite-rodova-ednakvost/.{\\i{}Radio MOF}, 1 November 2024, https://www.radiomof.mk/platformata-za-rodova-ednakvost-reagira-na-predlog-zakonite-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie-kade-se-trgnati-zborovite-rodova-ednakvost/.","plainCitation":"'The Platform for Gender Equality Reacts to the Draft Laws on Primary and Secondary Education Where the Words "Gender Equality" Have Been Removed (Платформата За Родова Еднаквост Реагира На Предлог Законите За Основно и Средно Образование Каде Се Тргнати Зборовите „родова Еднаквост"

233 „МЗД: Измените на законите за основно и средно образование се контрадикторни за Законот за спречување на дискриминацијата", Mkd.mk, 18 декември 2024, https://mkd.mk/mdz-izmenite-na-zakonite-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie-se-kontradikotorni-za-zakonot-za-sprechuvanje-diskriminacija/.

234 МОН „Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование" (ЕНЕР), 22 номеври 2024), https://bit.ly/3WrATJD.

235 Министерство за образование и наука, „Предлог на Закон за средното образование" (Единствен национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), 18 септември 2024 година), https://bit.ly/3PIYbGU.

236 „Реакција од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по измените и дополнувањата на Законот за основно образование"", Официјална интернет-страница на на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација , 5 декември 2024, https://bit.ly/4jf6kjY.

237 „МЗД: Законските измени за основно и средно образование се обид за озаконување на дискриминацијата, наместо грижа и заштита", Слободен печат, 5 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/mzd-zakonskite-izmeni-za-osnovno-i-sredno-obrazovanie-se-obid-za-ozakonuvanje-na-diskriminacijata-namesto-grizha-i-zashtita/.

238 „Собранието го поддржа пакетот закони за образование, во прво читање", Канал 5, 16 декември 2024, https://kanal5.com.mk/sobranieto-gi-poddrzha-paketot-zakoni-za-obrazovanie-vo-prvo-chitanje/a675174.

239 „Формирана институционална група за креирање политики за родова еднаквост", Радио МОФ, 11 октомври 2024, https://www.radiomof.mk/formirana-institucionalna-grupa-za-kreiranje-politiki-za-rodova-ednakvost/.

Во овој квартал имаше неколку пријавени случаи на семејно и родово насилство, кои кулминираа со фемицид[240] и убиство на напаѓач од страна на неговата жртва за време на борбата.[241] Овие инциденти поттикнаа повици за измени на Кривичниот законик за да се овозможи по службена должност гонење на семејното насилство.[242] Дополнително, еден случај со трговија и сексуална злоупотреба на деца поттикна повици за системски реформи и построги казни за кривичните дела против девојчиња и жени.[243]

На Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените, Министерството за социјална политика, демографија и млади потпиша Меморандум за соработка со Националниот совет за родова еднаквост, потенцирајќи ја својата заложба за соработка на полето на родовата еднаквост и недискриминација.[244] Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и UN Women, исто така, потпишаа Меморандум за разбирање за зајакнување на жените во руралните заедници и промовирање на родовата еднаквост во земјоделскиот сектор.[245]

## ЛГБТИ+

На почетокот на октомври, Основниот кривичен суд Скопје донесе пресуда врз основа на признавање на вина за насилство извршено поради сексуална ориентација и припадност кон ЛГБТ заедницата. Кривичното дело од омраза се случило за време на јавен собир во 2022 година, кога обвинетиот и пришол на жртвата, ја навредил и физички ја нападнал. Судот изрече условна казна - едногодишна затворска казна, која нема да се изврши доколку сторителот не стори друго кривично дело во наредните три години - како и алтернативна мерка заштитен надзор во траење од две години.[246]

Транс жена и долгорочен активист за правата на ЛГБТИ беа овогодишни добитници на државната награда Мето Јовановски, највисоко национално признание за долгорочен придонес во промоцијата, заштитата и унапредувањето на човековите права.[247] Оваа одлука предизвика реакција од Коалицијата за заштита на децата, која изрази најдлабоко разочарување поради наградата, тврдејќи дека победникот наметнува родова идеологија на децата преку образование без согласност на родителите и ја нормализира проституцијата, со што ја зајакнува мизогинијата и го деградира женското достоинство.[248]

240 „Млад штипјанец ја убил девојката, вечерва самиот се предал во полиција", Слободен печат, 1 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/mlad-shtipjanec-ja-ubil-devojkata-vecherva-samiot-se-predal-vo-policija/.

241 „Почна судењето за двојното убиство при семејно насилство во Кратово", Сакам да кажам, 28 ноември 2024, https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/pochna-sudeneto-za-dvojnoto-ubistvo-pri-semejno-nasilstvo-vo-kratovo/.

242 „Левица бара вршителите на семејно насилство да се гонат по службена должност", Слободен печат, 4 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/levica-bara-vrshitelite-na-semejno-nasilstvo-da-se-gonat-po-sluzhbena-dolzhnost/.

243 „Платформа за родова еднаквост: Неопходни системски реформи и построги казни за злосторства против девојчиња и жени", Радио МОФ, 22 ноември 2024 година, https://www.radiomof.mk/platforma-za-rodova-ednakvost-neophodni-se-sistemski-reformi-i-postrogi-kazni-za-zlostorstva-protiv-devojchinja-i-zheni/.

244 „Лимани и Тодоровска потпишаа меморандум: Преземаме сè за промоција на родовата еднаквост и недискриминација", Слободен печат, 25 ноември 2024, https://www.slobodenpecat.mk/limani-i-todorovska-potpishaa-memorandum-prezemame-s%d1%90-za-promocija-na-rodovata-ednakvost-i-nediskriminacija/."plainCitation":"'Limani and Todorovska Signed a Memorandum: We Undertake Everything to Promote Gender Equality and Non-Discrimination (Лимани и Тодоровска Потпишаа Меморандум: Преземаме Сè За Промоција На Родовата Еднаквост и Недискриминација

245 „Соопштение за печат: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и UN Women потпишаа Меморандум за разбирање за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во земјоделството", Официјална веб-страница на UN Women, 17 октомври 2024 година, https://eca.unwomen.org/en/stories/press-release/2024/10/the-ministry-of-agriculture-forestry-and-water-economy-and-un-women-sign-memorandum-of-understanding-to-advance-equal-opportunities-of-women-and-men-in-agriculture.

246 „Условна казна за скопјанец кој нападнал припадник на ЛГБТ заедницата", А1 он, 3 октомври 2024, https://a1on.mk/macedonia/uslovna-kazna-za-skopjanec-koj-napadna-pripadnik-na-lgbt-zaednicata/.

247 "Транс-жената Лила Милиќ е добитничка на државната награда „Метод Јовановски", Скопје инфо, 10 декември 2024, https://skopjeinfo.mk/trans-zhenata-lila-milikj-e-dobitnichka-na-drzhavnata-nagrada-meto-jovanovski.

248 "Коалиција за заштита на децата: Протест против државната награда за Лила Милиќ од ЛГБТИ, роден како маж, а се претставува жена", Denesen.mk, 6 декември 2024, https://denesen.mk/koalicija-za-zashtita-na-decata-protest-poradi-drzavnata-nagrada-za-lila-milikj-od-lgbti-roden-kako-maz-a-se-pretstavuva-zena/.

